СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 ноември 1993 година

Скопје, ноември 1993 година

**V ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 68-та СЕД  НИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 23.X1. 1993 год.**

Дискутанти:

1. АНДОНОВ ТИМЕ - 53
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 63
3. АБДИ ФАИК - 70
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 78
5. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 2
6. ГОШЕВ ПЕТАР - 4, 11
7. ДАВЧЕВ САНДЕ - 93
8. ИВАНОВ ИВАН - 23, 28
9. ИВАНОВ ЛУБИСАВ - 32, 35
10. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 46, 52
11. КИРОВ ТАШКО - 100
12. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 1, 90 - води седница
13. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 29
14. НАУМОВСКИ СИМЕОН - 38, 94, 99
15. НИКОЛОВ ЈОВАН - 55
16. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 13
17. ПЕТРОВ ТОДОР - 57, 60
18. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 92
19. САДИКУ ФЕРИД - 66
20. СПИРОВСКИ АЦО - 74, 76
21. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 68
22. ТОДОРОВА СОФИЈА - 82- Министер за развој
23. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 18, 21
24. ШАЌИРИ ИСМАИЛИ – 43

- седницата продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 5 ноември 19 9 3 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Имаме кворум за работа, па предлагам да продолжиме со 68-та седница.

Пратениците Наум Симјановски, Димитар Димитровски, Благоја Чкатроски и Душан Горѓески, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да продолжиме со работа, ве повикувам со едноминутно молчење да им оддадеме почит на настраданите во авионската несреќа што се случи на 20 ноември 1993 година во близина на Охрид.

(Пратениците им оддаваат почит на настраданите).

Застанавме на расправата по **точката 11** - Предлог за донесување на закон за поттикнување на побрзиот развој на стопански не- доволно развиените--подрачја.

Збор има господинот Гештаковски.

I/2,-СП/МЛ

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас сметам дека има потреба од донесување на закон за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја и за истиот постои уставен основ.

Иако не сум известител, но мислам дека треба да ве известам мислам дека е тоа став на Законодавно - правната комисија која смета дека овој закон го надоградува правниот систем, бидејќи претходниот закон е правен за едно друго време и за други односи.

Што се однесува до основите и начелата врз кои се темели овој закон, сметам дека, пред се, овој обезбедува поголема рационалност и ефикасност во спроведување на политиката на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Исто така овозможува создавање на воедначени услови за живот и работа на граѓаните во сите делови на Републиката, овозможува поголема мотивираност на стопанските субјекти за вложување во стопански недоволно развиените краишта и што е најбитно обезбедување на стабилни извори на средства.

Со законот, исто така, со директна поддршка со насочува- ње на средствата од Агенцијата и поддршка на развојот со директни мерки на економската политика. Висината на средствата со предложениот Предлог за донесување на закон се. планира во рамките на материјалните можности на Републиката и истите извори обезбедуваат сигурност, стабилност и долгорочност. Притоа, сметам дека треба да се нагласи за товарот при обезбедувањето на средствата да не паѓаат само на стопанските субјекти, туку и на други субјекти. Суштинска промена со овој закон е таа што се напушта досегашниот кредитен начин на пласирање на средства и истите се пласираат како неповратни и со вложување на траен капитал.

I/3.-

Што се однесува на предложените критериуми за определување на степенот на развиеност, потребно е при другата фаза при изработка на Предлог на закон да се имаат предвид искуствата од другите земји, а при тоа да не се земаат предвид само предложените критериуми и тоа општествениот производ по жител, активни основни средства по жител и степенот на вработеност.

Ако предлагачот се придржува само на овие критериуми одреден број на општини кои досега беа во таканаречениот клуб на неразвиени општини би отпаднале од истиот, затоа предлагам со дополнителни критериуми Владата при изработка на Предлогот на закон да земе предвид и дополнителни критериуми, а со цел да се овозможи еден преоден период за наведените општини.

Зошто ова го предлагам? Доколку не се овозможи еден преоден период, тогаш наведените општини ќе заостанат во развојот и тоа значи по пет години пак би се нашле во фамилијата неразвиени општини. Фактички, сите досегашни вложувања на средства би пропаднале во вода. Од овие причини порационално и поефикасно би било да се овозможи предложениот преоден период со што би се надминале сите дилеми во степенот на развиеност и би се овозможиле услови по тој преоден период за безболно преминување на овие општини во фамилијата на таканаречени средно развиени општини.

Со цел за ефикасно решавање на овој проблем, а врз принципите и инструментите на пазарната економија со тоа обезбедување на поголема економска ефикасност во општината, позабрзан развој и поголем степен на интегрираност во стопанството на нашата земја ка- ко и создавање на изедначени услови за живот и работа на граѓаните и што е најважно продолжување на веќе запознатиот развој на овие општини, сметам дека Владата преку дополнителни критериуми треба да го овозможи овој преоден период.

Што се однесува до тоа кои дополнителни критериуми би биле земени предвид, сметам дека одредени пратеници зборуваа и не би сакал да зборувам на таа тема, во секој случај би можеле да влезат стапката на миграција, наталитетот, степенот на застапеност на земјоделското население во наведените општини и слично.

Сметам дека Владата ќе ги има предвид овие забелешки при изработка на Предлог-законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека не треба да се докажува неопходноста од ваков закон заради тоа што тоа го имаат сите држави и заради тоа што економскиот развој произведува нерамномерности не само во пазарните економии, како што знаеме стопански нерамномерности беа произведувани и во еден административен модел на стопанисување кој себеси се нарекува како крајно плански кој имаше намера да води сметка за секоја единица, за секое подрачје во една држава.

Таа неопходност постоеше во бивша Југославија, таква политика се водеше на ниво на бивша Југославија, таква политика се водеше и во Република Македонија. Извесни резултати од таа политика и тогаш имаше и во рамките на таквиот модел и сега се разбира политика на порамномерен регионален развој или на побрз развој на поттикнување на развојот на помалку развиените подрачја, краишта, треба да продолжат и овој период, се разбира во рамките на еден друг стопански систем каков што соодветствува на моделот што сега е инкорпориран во Уставот на Република Македонија. Значи околу тоа прашање, лично мислам дека не треба никакви дискусии да се водат затоа што

нерамномерниот регионален развој произведува многу, многу дизекономии и врз основа на тоа произведува многу социјални нееднаквости, напнатости, па од тоа и политички конфликти кои веројатно допрва ќе уследат на подрачјето на Република Македонија околу прашањето кои делови од Републиката даваат повеќе во кошот на јавните приходи, а колку од таа корпа на јавни приходи се возвраќаат во региони- те кои даваат повеќе или помалку средства. Тоа веројатно ќе биде некоја тема понатаму, а со некои дискусии овде беше загатната кога се зборуваше за некои градови или општини кои се упропастени со тој термин од страна на Републиката. Меѓутоа, сега е битно да се востанови еден систем кој ќе биде посоодветен во согласност со овој стопански модел.

Познавањата за оваа материја во нашата Република во основ на смисла на зборот има. Тие познавања се сконцентрирани кај поединци - научни работници и тие познавања се сконцентрирани во рамките на Министерството за развој, поранешен Завод за општествено планирање, заради тоа што тие луѓе таму оваа материја секогаш ја третираа повеќе од било кои други во Републиката заради потребите на Републиката во рамките на сите оние усогласувања и реагирања во врска со политиката на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и покраини на поранешна Југославија.

Значи, во тоа Министерство сега има луѓе кои имаат основни познавања за оваа материја што резултира со фактот дека е на повидок еден закон кој е предложен, кој по својата основна концепција ги задоволува основните- насоки на размислувања за решавање на оваа проблематика и во таа смисла таква основна концепција на Законот со неговите основни контури јас лично ги поддржувам и мислам дека сме на пат да добиеме, со натамошна доработка, еден солиден закон кој ќе

базира на основните постулати на моделот кој треба да го изградиме и доградиме. Затоа, во таа основна смисла овој закон го поддржувам се разбира, со некои сугестии кои се дилема произнесена и во претходната расправа, а верувам дека се дилема и на самиот предлагач и верувам дека ќе бидат како дилема третирани дури и откако законот ќе се усвои со општо или со помало или помало задоволство или незадоволство на сите заинтересирани во врска со оваа проблематика.

Овој закон ги опфаќа сите основни подрачја што се неопходни за регулирање на оваа материја, се обидува да востанови еден орган на поинакви принципи од досегашниов фонд, тоа е Агенцијата и сега овде нуди промена која ги заголицува досегашните учесници во оваа материја и кои реагираат на тоа, а се работи за ингеренциите, надлежностите во врска со таа институција која треба да биде промоторот на остварувањето на политиката на побрзиот развој, односно се работи за оваа Агенција која го супституира терминот - фонд и тука може да се дискутира во врска со тоа прашање дали таа агенција треба да биде под ингеренција директно под Министерството за стопанство што ќе се рече под Владата, дали таа агенција треба да биде под ингеренција нг Собранието, па индиректно преку мнозинската Влада што се формира на тој начин пак во Владата. Оваа ингеренција која овде е понудена оваа релација не е непозната и ми се чини дека предлагачот се користи со некое искуство во конкретниот случај можат да се користат повеќе земји, како на пример Италија која исто така има агенција, има министер за развој специјално именуван за тоа. Околу тоа може да се дискутира, но ова не е спорно од аспект на искуствата кои владеат во оние земји кои интензивно се бават со политиката на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, подрачја, региони во своите земји.

Второ, го третира прашањето на показателите кое е многу важно прашање врз основа на кое треба да се одмери кое подрачје врз основа на што треба да добие статус или ќе му се признае статус на а помалку развиено подрачје и треба да биде објект на политиката ка државата. И тука има некои предложени решенија, јас ќе кажам нешто во врска со нив.

Го третираат мошне суптилното прашање неизбежно за граничната вредност односно таа граница која може да биде и теориска и повеќе стручна, но секогаш е конвенција која мора врз основа на еден договор да се одбере дека тоа ќе биде третман, а тоа зависи од многу околности, зависи и од можностите во дадениот момент да се опсервира поголем дел од територијата или помал дел од територијата да биде предмет на третман на~оваа политика.

Го третираа и прашањето на единиците на посматрање, за што исто така ќе кажам едно свое мислење и нормално изворите и намената на тие средства и со тоа фактички сите клучни прашања што се потребни за еден ваков закон се опфатени во овој Предлог за донесување на закон и од тие причини мислам дека има задоволителна основна концепција.

Во врска со конкретните прашања мошне чувствително прашање е прашањето на показателите што се одбираат, за тоа имаше дискусии и поинакви предлози на претходната расправа и прашањето на граничната вредност која може да биде стручно прашање и прашање на една политичка конвенција во дадениот момент.

Сега, за да ни послужи како параметар некое друго искуство, за да видиме дали сме во некоја релација јас ќе ви посочам неколку примери на земји кои одбрале показатели, одбрале гранична вредност преку која доаѓаат до оценката кое подрачје треба да добие третман на недоволно развиено подрачје и  на кое ниво треба да настапат мерките на државата

поттикнувачките, директните или индиректните. Еве го тој пример. Преку ова добиваме одговор и за показателите и за граничните вредности што не значи дека може да се примени автоматски.

Во Германија стопански слабите подрачја се прогласуваат оние чиј бруто доход и плати се под просекот на земјата и чија инфраструктура е под просекот на земјата. Значи, се што е под 100 врз основа на овие показатели бруто доход, инфраструктура е предмет на таа политика за поттикнување на побрзиот развој во Германија.

Во Шведска, подрачја што добиваат третман за поттикнување се оние кои не можат да обезбедат нови работни места и каде што платите се под просекот на земјата. Значи, тоа се тие два основни показатели.

Во Ирска, ако националниот доход е под просекот на земјата, значи ова е висока гранична вредност, многу повисока од ова што се предлага во законот каде е земено 75%, но за тоа може да се дискутира и има, се разбира, некое образложение.

Во Англија критични подрачја се тие што имаат некој процент на повисока невработеност од просечната стапка на невработеност во државата.

Во Италија, ако национ доход е за над 50% понизок од тој на развиениот север и развиениот центар, значи, не од просекот на земјата, туку 50% од најразвијните делови на Италија.

Во Европската економска заедница ако подрачјето има општествен производ понизок од просекот на Заедницата, под услов да има и земјоделско производство над просекот на Заедницата, вработеност во текстилната индустрија н експлоатацијата на јагленот да е за 20% повисока од таа што е како просек на земјата, ако стапката на неврабо-

теност е најмалку 3,5% над просекот на Заедницата, ако постои емиграција на населението за подолг период од над 1%.

Тоа се-показатели, критериуми, гранични вредности во рамките на ЕЕЗ.

Можат и други земји да се земат како пример, но доволно е овие кои водат активна регионална политика..

Сега, ако сакаме да правиме споредба со Предлогот кој е даден во овој закон, показатели според Предлогот за донесување на закон за поттикнуваше на побрзиот развој на стопански недоволно развиените, предлагаат општествениот производ на еден жител, набавната вредност на активните основни средства на еден жител, без вредноста на хидро и термо централите и степенот на вработеноста. Во овие показатели имаме показатели од групата развиеност на производните сили што беше долга дискусија во поранешна Југославија и имаме показатели кои спаѓаат во групата резултати од дејствувањето на производните сили.

Како Република, во рамките на бивша Југославија македонскиот став беше секогаш да се земат показателите кои спаѓаат во групата резултати од дејствувањето на производните сили, а не тие кои покажуваат не знам какви производни сили низ основните средства или нешто друго. Зошто? Затоа што не е важно, тогашниот аргумент беше дали во некое подрачје има изградено некакви капацитети кои не вработуваат, кои не носат доход и слично на тоа, туку што на тоа подрачје се произведува дефакто пазарно, доходно и слично на тоа, однос но со што се располага како производ за живеење и за развој. Тоа беа главните аргументи на Република Македонија во тој период.

Ако ги погледнеме сега овие показатели со показателите во овие земји што ги спомнав, ќе видиме дека во овие земји што ги спомнав нема

ниту еден од показателите кој може да се сврста во групата развиеност на производните сили, туку сите овие земји се ослониле во оценката на тоа кои подрачја треба да добијат третман на недоволно развиени, односно да бидат предмет на таа политика од показателите што економистите ги нарекуваат показатели кои покажуваат резултати од дејствувањето на производните сили.

По таа логика, веднаш би требало да испадне показателот - набавна вредност на активните основни средства и не треба да биде вклучен во овие показатели кои се предлагаат, туку да се земе некој друг показател од групата резултати од дејствувањето на производните сили. Тоа може да биде стапката на невработеноста овде инверзниот показател од стапката на вработеноста, невработеноста е можеби подобар показател. Во поранешна Југославија се избегнуваше тој показател од страна на поразвиените републики заради тоа што сите беа свесни дека републиките шпекулираат со тие бројки, сега овде белким сами себеси не ќе се лажеме и можеме попрецизно и почесно да го утврдиме бројот на невработените во секое подрачје од Републиката и можеби тој показател е подобар и можат да се земат и други показатели земјоделие и друга инфраструктура, емиграција, иселување, значи можат да се дополнат и повеќе да се сконцентрира вниманието на тие показатели отколку на ова.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

Значи, овој показател под број 2 што е, би требало да биде напуштен. Набавна вредност на активни основни средства. Да не зборувам како се утврдува таа вредност, која е таа правата вредност, книговодствена, која е пазарната вредност на тие средства итн. Тоа е огромни проблеми и не може никогаш да се утврди вистинската состојба во врска со тој показател. Значи тоа е таа моја сугестија, во врска со показателите врз основа на ова што другите земји имаат за тоа прашање.

Следното прашање е граничната вредност. Ние видовме овде дека се земаат предвид многу повисоки гранични вредности, под просекот на земјата или половината од она што во другите земји го има, но кога се споредува со најразвијните подрачја во тие земји не со просекот на целата земја.

Во врска со граничната вредност не би ставал забелешки посебни, можно е да остане процентот 75%. Тој процент РМ го бараше во поранешна Југославија како гранична вредност за разлика од други републики што бараа некаде околу 67,68% да биде гранична вредност. Ова е повисоко и во рамките на оние залагања тогашни е тој процент Меѓутоа, овој процент зависи од можноста да се соберат финансиски средства од способноста да се соберат фискални пари кои што можат да се упатат. Ако имаме повеќе подрачја од третман на неразвиени кои што претендираат на иста сума на средства или на помала сума, тогаш тие ќе се разлеат тие пати, но помалку ефекти ќе се постигне во дадениот момент,. Ова 85% би можело по моја проценка во овој период да биде во некоја гранична вредност, што не значи дека е даден еднаш за секогаш,

туку може во зависност од резултатите од оваа политика "да се поместува и да се презема, да се одреди во понатамошниот период друга гранична вредност. Во секој случај ќе треба да се подигнува таа гранична вредност, а не и да се намалува. Која единица на посматрање треба да биде третман, дали општината треба да биде, дали треба да бидат некои специфични подрачја, овде е и општина и специфични подрачја, или дали треба да се утврдат во РМ региони врз основа на една фино осмислена стручно обработена регионална политика. Овде е одбрана линијата на помал отпор, општината е таа, затоа што таа е административна единица, таму има некој орган со кој што може да се комуницира и сл. на тоа, употребена е таа логика, меѓутоа, со ингеренциите кои што постојат денеска во стопанството, големината на Републиката не знам колку тоа може да издржи критика и мислам дека треба да се размисли, можеби во овој момент не може тоа брзо да се направи, можеби да остане општината, но мора да се размисли за регионализација на Републиката и врз основа на тоа да се води утрешна политика на побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Во врска со изворите и наменета на средствата, овие 1% се и малку и многу, но тие ќе бидат секогаш малку и нема многу да ни помогнат ако нивото на вкупното стопанство, на стопанската активност е ваква каква што ја имаме денеска и тие пари нема многу да ни помогнат, други може да одмагаат, одземајќи и онака од слабите стопански субјекти што треба да дадат, да се разлеваат средствата, ако вкупната економска стабилизација не успее и ако не почне економски просперитет и тоа е прашање на конвенција поврзана со целта која што сака да се постигне во дадениот период. Намените на средствата се дадени глобално. Можеби може уште да се предвидат овде намени попрецизно

и поконкретно, предлагачот остава простор тоа да се уредува со одлуки на Владата, со подзаконски акти. Во овој период можеби не е лошо, односно не е лош тој пристап. Се на се имаме еден текст, кој о е на една позитивна основна линија и верувам дека до доработката можеме на крајот во последната фаза на овој закон да добиеме нешто што ќе биде примерено на овој модел стопански ако сакаме да го изградуваме односно што е концептиран со Уставот на РМ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

г-дин Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувнао претседателство, почитувани дами и господо,

Со оглед дека актот за кој разговараме е во фаза предлог за донесуваше , јас ќе се обидам колку што е можно пократко да укажам на две-три работи и можеби со некои од нив ќе отворам некој прашања, за кои треба погенерално да се размислува, што сепак нема на крајот да влијае на тоа, на моето изјаснување, ќе го поддржам Предлогот за донесување на законот, меѓутоа сакам да изнесам некои мислења, кои мислам дека во подослежната фаза од одлучувањето во ова Собрание, да имаме увид и за некои други работи.

Прво, мислам дека треба кога се разговара за ваков закон кој во суштина претставува една од мерките, како најважна мерка за похармоничен регионален развој на нашата држава да имаме предвид и нашата држава, која е предмет на регионалниот развој, се разбира. Се плашам дека можеби навлеговме во фаза кога сите светски искуства ги применуваме односно тие светски искуства преземени како практични,

II/4.-

како, теоретски, сега г-динот Гошев за нив зборуваше компаративно по држави и европска заедница и тие д? ги пресликуваме и има една аномалии а, според мене, за која мислам дека треба поконцепциски да се размислува, а тоа е следното. Сите ние сме, сепак, и територијално, и економски многу мало подрачје за да би можеле да размислуваме на класичен востановен начин во Европа како економски да ги развиваме позаостанатите региони во однос на средно развиените -или поразвиените региони во една држава. Можеби, јас ставам ограда и на моето изјаснување, можеби е сосема беспредметно да компарираме како тоа се врши во една Италија или во една Германија и тоа да го преземаме во нашите закони, затоа што верувам дека степенот на развиеноста на едни така големи економии и едни така големи држави по територија и по население е сепак нешто што на поинаков начин во принцип се уредува. На пример, во една Италија најнеразвиеното село на Северна Италија е многу поразвиено од најразвиеното село во Јужна Италија. Тоа се стратегиски навистина разлика во развиеноста на овие подрачја, да речеме север и Југ и во Германија, па и во Франција итн. Меѓутоа, кај нас ние немаме една таква слика, подрачјето е многу мало, економски исто така мало за да може во него да откриеме и дефинираме толку големи разлики, кои ќе треба со многу специфични мерки преземени од овие западни економии да ги имплементираме и кај нас. На пример, не знам и во една општина каде што е неразвиена, многу зависи од регионите во таа општина. Има села кои што се многу развиени, и соседни села итн. мислам дека нашата економска карта во РМ е премногу шарена, имајќи предвид Север, Југ, Исток, Запад итн., за да може ние на некој начин да проектираме заостанати, условно речено недоволно развиени подрачја или општини. Затоа што на сите 4 страни од таа општина можеме да имаме сосема развиени, што не зависи од некакви историски од некакви економско – историски традиции, туку зависи од тоа дали една фабрика се лоицирала во една општина или во

соседната. Сега таа една ф-ка сите показатели во соседната општина ги дава и г?ка таа општина влегува во клубот на условно кажано развиените. Да се преместела таа ф-ка во 60-тите години кога централистички се одлучувало каде ф-ката се разместува, тие две општини од аспект на овој Закон ќе беа во сосема обратна позиција. Така, тука не е прашање на уредување на развојот на подрачја кој во сите сектори компактно или условно земено компактно и долгорочно заостануваат, туку е мошне зависно на она што ние како политика сме го одлучиле, или пак се случило некакво влијание за дене објект кој го подигнува на едно ниво на една општина и само заради тоа не се сменети јас верувам, сите показатели во општината, особено оние долгорочни показатели, инфрастурктуно уредување на општината, економската база на општината и се што би произлегло од економската основа на таа општина. Степенот на социјалната инфраструктура на развојот на здравството итн. Така, мислам дека во најдобар случај во оваа фаза од Законот може да се размислува за тоа прашање, ако ништо друго , заради тоа што Македонија подлеенеам, да кажеме, на општион кои се повеќе развиени и помалку развиени, ние по економски потенцијал вака една најбанална анализа може да ја споредиме со еден поламилионски град во Германија . Вкупниот општествен производ на РМ годишно е ист колку што е производот на еден полумиликнски град во Германија Која е 5 - 6 пати поразвиена од Македонија. Така, ние разговараме за делови кои се развиени и неразвиени, кои се само 20 илјади кв.км. и кои се само со толку голем општествен производ, односно толку мал општествен производ. Така мислам дека можеби треба да бараме нови генерални начини на размислување за тоа дали ќе ја уредиме државата на поделени региони, развиени, неразвиени итн.

II/6.-

Второ, мислам дека треба, иако мислам во оваа фаза е прифатливо со аргументацијата Владата и Ресорното министерство ги имаа доставени, мислам ако ништо повеќе треба барем во овој месец што преостанува од донесувањето, на законот во завршната ф .за, х да се размислува дали во тој економски и територијален простор, кој го парцијализираме треба да правиме супспарцијализација на просторот. Покрај овие како општини што ек влезат според членот 6 и 7, ние во членот 9 уредуваме специфично подрачја кои мислам дека според критериумите ридско планински, погранични и компактни заостанати, ќе добиеме една таква карта на РМ гледана низ призмата на овој закон што тоа ќе биде состојба во таа мера измешана , што ние практично нема да имаме увид што во РМ треба посериозно како подрачје да го развиваме или не, ако веќе одиме во такви критериуми. Во една добро развиена општина ако се наоѓа над 800 метри некои подрачја посебно ќе се развиваат, ако е блиску до границата посебно ќе се развиваат, така што мислам дека ќе настане толку голема турбуленција на примената на овој Закон по многу основи, а на толку мал простор, толку мала економска моќ на државата, што се плаќаат дека можеби нема да ја достигнеме на крај целта.

Во таа насока го поддржувам оној дел на дискусии што тука беа истакнати. Јас колку што видов од материјалот и од припремата на законот и кај Владата имаше до сега, да кажам, и други видувања за тоа кои треба да бидат критериумите за степенот на развиеноста на општините и мислам дека треба да се примени методот кој е многу посимплициран и кој многу поедноставно ќе отслика кон, ако веќе одиме во тој концепт, за кој на почетокот говорев дека можеби треба малку да се разгледа од друг агол. Кои се тие подрачја. Мислам дека ваквиот начин на уредување на односите со општествен производ, со набавна вредност на активните основни средства перкапита, со набавните

средства на активните основни средства перкапита и со степнот на вработеноста, се дава можност за влијание од страна ан оној кој одлучува, визави Законот, не зарари свесно влинание туку заради фактот дека добар дел од овие показатели ги добиваме или ќе ги добиваме со искривена слика, или пак многу доцна за да можеме во денешниот момент тоа да го одлучуваме. Затоа што, повторно ќе кажам се работи за економија, која во апсолутна мера дава многу мали економски показатели кои не можат на долг рок да се се земат како такви, затоа што еден објект нов може веднаш соодветната општина да ја исфрли или да ја внесе ако се затвори објектот во клубот на, условно кажано, развиените или неразвиените и на секо 5 години да имаме диференцирано, денес е оваа општина, утре е таа, задутре се затворил еден објект во развиена општина, веднаш преминува во неразвиена, затоа што нема вработени, работниците отишле во стечај. Активните основни средства згаснуваат, општествениот производ се намалува, така што ќе добиеме една шареноликост која не мора да може на долг рок да ја обезбеди РМ да има некаков пристап кон овој проблем на 5 ,10, 20 години а тоа е рок во кој, сепак, развиеноста може, значи, долгорочно да се влијае на неа. Додека со овие флуктуации, со ваквите показатели мислам дека може да обезбедиме она што во суштина никој нема да го посакува со овој закон.

Затоа, мислам дека е добро да се размисли, иако сите го поддржуваме овој Закон и потребата од донесувањето на овој закон и она како е конципиран треба да се размисли дали можеби треба посинплициран показател за тоа кои подрачја или општини итн. ќе бидат на оваа или на онаа страна од критериумите, особено што на прим. имаше некои предлози од Владата, за некои порано слушнав» дека степенот на миграциите би биле единствен критериум,. Ако од подрачјето се иселуваат поголем број на лица, отколку се населуваат

или апсолутната населеност опаѓа, тоа е доволен факт дека тоа подрачје заостанува. Може да се размислуваа и за такви критериуми.

На крајот сакам да ја поддржам ориентацијата на Законот и ориентацијата на Владата да најголем број од ингеренциите во дефакто уредување на односите по овој Закон се даваат на Владата и на Агенцијата која станува составен дел на, како што овде се вели, органот на управата надлежен за регионалниот развој и за развојот. Мислам дека е добро што поголем број до ингеренциите во регионалната политика, особено од овој закон да се дадат на Владата, да не се доведуваме ние во позиција , се уредуваме ние со закон, туку напротив да може Владата во свои мандат од 4 години на плус 4 итн., да уредува една концепција на регионалниот развој, што е инкорпорирано во овој закон со фактот дека голем број на ингеренции со одделни членови ги предаваме на Владата или на владини институции и тоа го поддржувам. Инаку ќе гласам за Законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

г-дин Цветковски Стојмир.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателствово, почитувани пратеници,

Иако мојата изборна единица и цела Крива Паланка во досегашното користење на средствата од постојниот фонд за неразвиени некаде учествуваше на претпоследно место, можам да кажам дека постоењето на еден таков фонд беше повеќе од колку потребен, меѓутоа, имајќи предвид дадените нацрти на Предлогот на законот за донесување на нов закон, што ќе биде во состав на ресорот, на Министерството за развој, мислам дека треба да го подржиме со одредени мои видувања и забелешки кои потекнуваат од моето подрачје како подрачје што користело вакви средства.

II/9.-

Прво, сакам да кажам дека еден таков закон по видувањето на луѓето од Кр. Паланка би требало да има еден посебен фонд , затоа што таквото брзо донесување така како се предвидува до Нова година прави можност сите заинтересирани асоцијации, вклучувајќи ги тука и општините, кои се уште, мислам ние го немаме донесено Законот за локалната самоуправа, а исто така и учеството на Стопанската комора и другите стопански субјекти кои на некој начин би придонеле во дефинитивното формулирање на овој закон би требало да им дадеме простор и време и затоа мислам дека е неопходно потребно овој закон да има една своја редовна постапка на тој начин да се донесе така како исцело го замислува ресорот на Министерството за развој.

Од тие причини, поаѓајќи од овие претпоставки, јас ги прелагам следните заклучоци.

1. Законот да се донесе по редовна постапка, да оди како Нацрт на закон, па потоа да се донесе закон;

2. Критериумите за каптирањето на општините од развиени во неразвиени и обратно, земајќи ја лимитната граница на општествениот производи на одредена општина мислам дека не се соодветни временскиот период за кој не одговаран на објективната состојба на државата. За ова поаѓа од состојбите во општината Кр. Паланка, затоа што годините од 1989, 1990 и 1991 година се години во кои се работело, така речиси без никаква лимитација на увоз - извоз, итн. Меѓутоа периодот 1991, 1992 и 1993 година тоа се токму тие години , кои иосцело не само што го променија критериумот Кр Паланка да не може да влезе во општините на недоволно развиените, затоа што не го исполнува општествениот критериумот по глава на жител, критериумот испод 75%, а мислам дека бројката е сосема поинаква, бидејќи во сегашното

работење на стопанството, конкретно во мојава општина каде што сите претпријатија скоро да не речам работат на 80%, но исцело се скоро врзани со работењето на соседните држави, а што тие како се одразува, не само да го нарушува овој критериум и дава еден крив податок, туку и другите основни мерила, основните средства односниот капитал по жител што се наведува, бројот на вработените итн.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ**: ,(продолжение)

Ова се потполно нарушени параметри на кои кога би се земале како такви би дале сосема друга слика 50ја би зборувала дека општината се наоѓа во една таква состојба, всушност која значи далеку полоша состојба отколку во овие мерни години кои се земени тука во предвид. Од тие причини мислам дека треба да се поведе сметка затоа што бројот на невработените во Крива Паланка и на работниците кои се 80%, како и стечајни работници , да не ја вбројувам тука и социјалата итн. се нештата кои што влијаат на бројката како 75% како лимит по општествен производ не може да послужи. Може да послужи само ако се земат 1991 1992, 1993 година, па и 1994 година, кои се тука, да се земат како објективно мерен период затоа што тоа најверојатно не е само пример во Крива Паланка, туку е пример и за други општини.

Друга моја забелешка е самото име на агенцијата. Мислам дека Агенцијата повеќе одговара, така да кажам за услужни цели, повеќе асоцира на некоја помалку вредна институција. Според мене не се сака да се има фонд на тој параетотипен израз, да се крсти, така да кажам оваа асоцијација како завод или како некој центар, затоа што според мене средствата кои што сосема оправдано од 0,30 се зголемени на 1% до колку се гледаат како такви во целината на буџетот тогаш најверојатно можеби ќе се случи како и што сега се случува во фондот неискористените средства да се претопуваат во масата и на тој начин да не се искористат за намената за која се наменети. Од тие причини мислам дека таа промена треба да се земе предвид.

Понатаму проблемот на миграцијата. Сметам дека проблемот на миграцијата не треба да се поистоветува со проблемот на ветувањето основните средства, капиталот по жител итн. затоа што реков веќе што

се влијае на тој проблем . Меѓутоа јас сакам да нагласам дека овој проблем треба да има толкава тежина колку што е претходно наведениот проблем, затоа што конкретно Крива Паланка е општина во која најмногу е изразен тој миграционен тек во повоените години, така да од 38 илјади сега имаме едвај околу 20 илјади,изразена миграција, а тоа е скоро 30%. На овој проблем тежината треба да биде многу поголема затоа што најверојатно случајот е за сите погранични места, што од друга страна мислам дека е добро што во законот се предвидува за специфичните подрачја, како"што се ридско планинските подрачја во кои се третира овој проблем . Мислам дека за секое поздравуваше е тоа што на секој начин се настојува сите што се населени во овие подрачја, во последните 40 години, а е над 10 години стален жител во тие населби да биде ослободен од плаќање на пензиско инвалидско осигурување. итн. Јас и професионално како лекар можам да кажам дека тоа е нешто во последен момент е спас, затоа што некои луѓе поради нерегулирањето на овој проблем практично завршуваат крајно неизвесно.

На крајот, имајќи го во предвид овој специфичен проблем на овие подрачја сакам да напоменам и тоа дека развојот на инфраструктурата каде што се дава една обврска треба да се прошири и сите треба да знаеме дека ние имаме подрачја особено кон СРЈ кои во текот на повоените години во неколку периоди во неразрешени републички проблеми, а сега така да кажам во државни постојано преферираа за отсепување од нашата држава. Не би сакал сега со преструктуирањето на овој фонд односно давањето на ресорот во стопанство да настанат такви состојби со кои на некој начин ќе ги занемариме овие погранични места во кои во наредните 5-6 години треба да имаме виден развој, како што словото на законот зборува.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, поаѓајќи од самата определба државата да биде надлежна да води една поголема грижа за еден порамномерен стопански развој во државата нормално се извлекува и заклучокот дека донесувањето на еден закон, кој што е и предмет на расправа апсолутно отвора простор и држи место и јас во принцип, како и останатите пратеници кои што се произнесоа сметам дека постои потреба од донесување на еден ваков закон со кој треба да се разрешат многу витални прашања во развојот на нашата држава. Меѓутоа вака посматрајќи ги и слушајќи ги дискусиите како и поедини решенија се наметнува и прашањето дали сето ова нема да не доведе до еден погрешен пат на кој ќе треба доста да внимаваме во смисла на сите оние определби како решенија сакајќи од една територија или површина која што ја зафаќа нашата држава да правиме одредени сепарати, а со сето тоа сакајќи наводно да направиме нешто поправично да се затвориме во потесни региони и секој да гледа во општите или вкупните резултати на ниво на државата и да издејствува подобри бенефиции, Од тие причини нормално се налага потребата во идејата за операционализација на овие задачи дека треба да одиме повнимателно и со многу по- практични решенија.

Ова го кажувам сака да напомена дека се уште во нашата психологија е присутно сознанието во фондот кога беа кумунирани позна- чајни суми на средства и кога под влијанието, дали на политички структури или на поединци, се успеваше да се преточи значајна сума на средства во поедини подрачја, а што на некој начин, како што знаеме средствата значат и благодет, меѓутоа искуството тоа не го потврди бидејќи значајна сума на средства вложени во изминатиот период не ги дадоа очекуваните резултати. Од тие причини мора решенијата да и гледаме преку призмата на ефикаснос, преку призмата, на допринос за

еден корисен развој кој што ќе овозможи и јакнење на материјалната основа на целата држава, а никако од аспектот на социјалата и на некој начин добивање на квалитетни средства.

По однос на понудените решенија во текстот што се нуди заедно со предлогот можам да кажам дека постојат значајни квалитетни подобрувања и под однос на решенијата што ги имавме во досегашниот закон, иако можам да кажам дека многу од решенијата што беа истакнувани или укажувани во расправата што претходеше во текот на оваа година и минатата година во поглед на усвојувањето на завршната сметка на фондот на тие решенија не е и најадекватно пријдено. Сепак оценувам дека овој материјал како појдовен е добар и сигурно дека со денешната расправа и со понатамошната расправа тој ќе претставува една подобра подлога за понатамошно, поквалитетно надградување. Во смисла на тоа сакам да укажам и на некои мои видувања во делот од решенијата содржани, или во оние што треба да бидат земени во предвид во конечното оформување на нацртот односно на Предлогот на законот.

Најпрво сакам да укажам дека во решенијата мора да дојде до поголем израз пазарниот начин на стопанисување и местото или улогата на профитот. Секоја инвестиција, вклучувајќи ги и инвестициите што треба да бидат направени во т.н. помалку развиени или неразвиени делови во нашата држава тие во крајна смисла мора да ја носта и определбата за остварување на резултат, а тоа значи и остварување на профит, секако базирано на едно пазарно стопанисување. Базирано на сегашните определби околу новиот третман на имовинските односи. Од тие Њричи ш неминовно се налага потребата една од битни определби во механизмот на користењето на сите овие форми со кои ќе се овозможува еден порамномерен развој треба да почиваат на ваквите определби.

Од друга страна државата мора да створи и еден нов квалитетен однос во смисла на тоа дека овие средства или оваа намена мора да биде така поставена за да биде примамлива односно стимулативна за да оние кои што имаат средства ги вложуваат во тие неразвиени дело од државата со што ќе се обезбеди поголем квалитет на вложените средства а преку тоа ќе се дојде и до остваруваше на саканите цели. Никако како што реков, преку одобрување на поголема сума на средства на некој кој што ќе треба натаму со тие средства да бара решенија, да ствара и кадар, да реализира и простор и се она останато што го следи еден развој.

Затоа решенијата, според мене, мора да се бараат во два правца. Кога зборувам за примамливост и стимулативност за таквиот развој, а тоа е државата да овозможи одредени олеснувања на таквите инвестиции или таквите објекти со давање на одредени концесии.

Вториот услов да биде преку инструментите на тековната економска политика. Мислам дека само на таков начин ќе се обезбеди еден квалитет во делот на остварувањата на една ваква определба.

Првиот начин на стимулација кој треба да биде преку одре- дени концесии и олеснувања за таквите подрачја што ќе треба државата долгорочно да ги зацрта, а другиот дел, е преку инструментите на тековната економска политика во смисла на давање на одредени субвенции, партиципации во делот на работењето или во делот на користењето на одредените средства. Мислам дека тоа треба да биде основниот постулат на надградувањето на механизмот на овој закон.

Втората моја забелешка се состои во делот на понудените решенија во делот на критериумите кои што треба да служат како елементи за определувањето на степенот на развиеноста на поедините подрачја. Овде беше заговарано дали тоа ќе бидат. општините, ќе бидат делови или региони итн. Во секој случај ова што е понудено како

решение во законот или како табела на степенот на развиеноста на поедините општини мислам дека коинцидира на сегашните потреби и на сегашното време , а дел од примените решенија се неправични.

Во тој дел сакам посебно да го истакнам вториот критериум што е содржан во членот 6 , а кој што се однесува на делот на вложените средства до сега, во изминатиот период од причина што значаен дел од средствата се вложени за одреден број на намени кои што ќе имаат по-широка корист за повеќе општини, повеќе подрачја па и целата држава.

Добро е што предлагачот ги зафаќа или ги иззема инвестициите во делот вложени за енергетиката во хидро и термо објектите како извори на енергија, меѓутоа, запоставен е елементот, за кој и се залагам , вложените инвестиции за хидро објектите како основни објекти, или развојни објекти, во делот на наводнувањето , или за водоснабдување. Знаеме ние дека на подрачјето на нашата држава имаме неколку објекти градени од средства на Републиката и Федерацијата отворено, а кои средства вака ставени преку одредени критериуми и одделни подрачја ги доведува во една нерамноправна положба. На пример, да го земеме случајот, примерот на Брегалница, кој што врши услуга или обезбедува напојување со вода во летните периоди, сушните периоди на повеќе од 6 општини.

Средствата вложени во овој објект, по критериумот што е применет во член 6 стриктно се однесува на општина Кочани. Такви случаи има и со Битола, или случаите со водоснабдувањето , каде што исто така е вложена значајна сума на средства, кои гравитираат или припаѓаат на претпријатија во стопанисување или управуваат со овие средства со оваа дотична општина и по овие критериуми таквите општини доаѓаат во една нерамноправна состојба. Од тие причини се залагам во делот на изземањето покрај енергетските објекти, хидро и  и термо треба да бидат

изземени и овие капитални објекти каде што ефектите се остваруваат на поширок простор односно на повеќе општини а според некоја случајност од локацијата од објектите тие средства се евидентирани на потесните подрачја, дали е општина Битола, дали е општина Кочани или некоја друга општина.

Од тие причини врз база на оваа корекција треба да се изврши и ново пребодирање или утврдување на степенот на развојот односно развиеноста на поедините општини што е како прилог дадено во текстот на предлогот за донесување на предметниот закон.

Исто така за одбележување е и фактот на изворите на вложените средства. Во материјалот и изработката која е правена за изработка на материјалот базираат исклучиво средствата од изворите на општествените претпријатија или државата. Меѓутоа, ние знаеме особено во поедини општини каде што во развојот или во градењето на одредени помали објекти учествуваат и средства од приватни извори и средствата на граѓаните. Може ли тие на прв поглед изгледаат занемарливи во вкупниот однос на вложените средства меѓутоа со една поопстојна анализа верувам дека ќе 'се дојде до сознание дека не само општествените средства туку и средствата по другиот основ имаат значајно влијание што во тој дел ќе треба да бидат земени во додатните разработки, што претставуваат еден значаен материјален потенцијал .

Јас исто така ќе се придружам на искажувањата што беа како забелешки искажани во врска со понуденото решение за создавање повторно на нова администрација, на нови служби, на нови органи кои што ќе треба понатаму да ја координираат или да ја организираат работата во спроведувањето на овој закон во практиката. Јас мислам дека во овие многу тешки години која секоја единица на средства има своја тежина мора да бидеме и во овој дел доста рационални и треба, да се откажуваме од создавањето на некоја гломазна администрација или служба која што ќе треба да биде потрошувач на дел од средствата ѓто ќе бидат насочувани за ваквите намени.

IV/1.-/JJ/OM

**ИВАН ИВАНОВ:** (Продолжение)

Ова што го зборувам, мислам дека ако имаме еден банкарски систем и имаме добри банки, ако тука е Народната банка или ако е тука Владата со својот механизам мислам дека таа работа како надлежност што треба да се пропише на овие институции што се заговараат во текстот на решението на Законот, можат да бидат другачие подредени. Од тие причини се залагам на ова прашаше, исто така во конечното оформување да му биде посветено додатно внимание.

И на крајот исто така сакам да се осврнам на решенијата во член 14, каде што се даваат насоките за немената на средствата што треба да бидат како елементи на понатамошниот побрз или по рамномерен развој.

Читајќи го тој дел на решенијата повторно се сретнуваат старите решенија што доминираа во досегашните закони, почнувајќи од тоа дека треба да школуваме кадри, па завршувајќи, да кажеме, со одобрување на позамашна сума средства, адкок преку соодветни одлуки. Мислам дека овие решенија некоенцидираат на сегашните потреби, туку тиа пак ќе значат прелевања на средства,. ќе значат еден нов нерационален однос. И со таквите решенија мислам дека од- носот на поединците, вклучувајќи не и нас како пратеници ќе заговара ме на кого и како ќе бидат, со оформувањето на ова ново решение, и донесувањето на законот,крчмени. Напротив, мора да доминираат, како што реков, формите кој ќе одат на создавање на предуслови или стимулирање на некој на одредено подрачје дека треба да вложи средства, а не да се насочуваат поголеми средства. Еве тоа беа моите искажувања и верувам дека тие ќе најдат место во натамошната разработка од предлагачите на законот,

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Во врска со законот за побрз развој и поттикнување на развојот на нестопански недоволно развиените краишта сметам да се надоврзам на неколку забелешки. Пред тоа би рекол дека можеби во другите неразвиени подрачја, а поготово во Мариево постои здружение за развој на Маријово. Во тоа здружение постои и еден стручен совет кој постојано се занимава и работи на проблемите и развоите на Мариово. Можеби овој совет на ова здружение има изготвено некои забелешки и сугестии на овој закон за развој на неразвиените подрачја, и ако има, сигурно ќе ги има доставено до Собранието на РМ и до Владата за да бидат земени предвид при донесувањето на овој закон. Иако имаат или немаат доставено свои предлози, јас би изнел, иако тој совет или здружение пубаво или поцелисходно ги има направено тие забелешки по овој закон, но јас би сакал исто така, можеби со поизменети или слични на тие зборови да укажам на некои работи за донесувањето на овој закон за развој на недоволно развиените подрачја во Републиката.

Наместо за побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја да се тргнува како подрачја ; определбата да биде подрачја, за жал, пак се тргнува од степенот на неразвиени општини. Што значи во членот 2 став 2 се додаваат некои специфичности. Тоа што е определбата за побрз развој на општините а не з појдовно подрачјето. На тој начин што е досегашен стар начин би се разлевале средствата пак по општини, затоа што општините, при што конкретно пак би го зел подрачјето на Мариово што е подрачје на териториите на три општини. Битола, Прилеп и Кавадарци. Ако пак се оди на низ средствата ќе се

прелеваат на тие општини и секоја ќе чека прво едната да ги вложи средствата па после другата. Така и сега апсолутно нема да дојде до промени од стариот начин во поттикнувањето и развојот на неразвиените краишта. Затоа во Републиката треба да се издвојат подрачјата како неразвиени и така да се финансираат. Тоа што може да се види од тоа што е дадено во членот 6, е дека не може да се применува на подрачја туку преку општини, тоа значи средствата пак да се поделат по општините и на тој начин пак би се дошло до тоа што е речено во членот 8 значи не да бидат подрачјата туку општините. Во членот 8 како е предвидено, нема општина која нема неразвиен крај. Па така користејќи го овој член во законот, предлагачот го внел и Скопје со своите општини како неразвиено подрачје, така да како што реков и погоре средствата би оделе на тој начин на разделување на општините.

Показатели според кои досега и сега можеше да се докаже дека за неразвиените подрачја треба да биде мерило и бројот на жителите на метар квадратен. Тоа покажува дека жителите од неразвиените одат кон развиените и имаме голема миграција. Тоа значи дека општините не треба да се земат, ами подрачјата и со бројот на жителите по метар квадратен. За тоа е сведок миграцијата што го покажала своето со прелевањето на средствата од неразвиените во развиените подрачја. Конкретен показател ќе изнесам и за Маријово според бројот на жители-те иако се има предвид колкав бил бројот на метар квадратен пред 40-50 години, а колкав е сега тој број на жители по метар квадратен, значи дека Маријово треба да се прогласи со највисок неразвиен сте- пен, како највисоко неразвиено подрачје во Републиката. Значи Маријово треба да се прогласи како најнеразвиено подрачје, на териториите ва три општини.

IV/4.-

Од ова може да се види дека Маријово не е доволно разгледан и разработено како едно од најнеразвиените подрачја во Републиката. Тоа се потврдува и со тоа што досега воопшто не е прогласено како за најнеразвиен крај. Според тоа во законот би требало да се земе и да се прогласи Мариово како едно од најголемите по површина и најнеразвиените краишта во Републиката, а за најсигурни показатели за неразвиеност да се земе бројот по жители по метар квадратен а не поделба по општини како што е тоа речено.

Понатаму во законот за недоволно развиените краишта да се земе и степенот за развојот во тој крај конкретно во Маријово, да се земе земјоделието, шумарството, сточарството, рударството, водите и други стопански богатства што ги поседува и тие да бидат како критериуми за развивање на овие дејности во тој крај.

Можеби не Ви е познато господа пратеници дека ова здружение за развој на Маријово и тој нивни совет, од порано имаат изготвен просторен план во кој се дадени сите показатели, мерила и потреби за развој на Маријово. што можат целосно да послужат и да се користат за донесување, а исто така и да се внесат тие показатели во законот за развој на овој регион Мариово.

Исто така , би се надоврзал дека со донесувањето на овој закон, како што нагласија и претходните дискутанти и дека со преструктуирањето од Фондот во Агенција, не знам колку битно би се изменило, но мене ми се чини дека би се изменило во корист негативен, а не позитивен, затоа што пак би се оптоварило со една погломазна администрација и доделени се средства да одат за плати и други работи на таа Агенција и така средствата што ќе бидат издвојувани од било кој извор, повеќе би се користеле околу административните работи на таа агенција отколку како средства вложени за развој на тие неразвиени

подрачја. Зошто не би се упростило во смисла на тоа Агенцијата да не брои во толкав број и зошто при тоа не би се искористиле овие здруженија кои ете доброволно ја вршат таа работа во тие неразвиени подрачја, тие здруженија да станат членови на оваа агенција и при распределбата на средства, да учествуваат и со свои програми да излегуваат за да добиваат средства за вложувања во тие неразвиени подрачја. Јас сметам дека само на такво начин ние можеме да почнеме да ги користиме рационално овие средства издвоени за развој на неразвиените подрачја, како не би се прелевале во административни установи

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Љубосав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Тука беше речено од повеќе дискутанти дека овој закон произлегува како потреба и произлегува од самиот Устав што ние го донесовме овде, во овој Парламент. Јас би рекол дека тој правен аспект, произлегува од економско социјална и стратегиска гледна точка. Ако ние сакаме целиот простор во Македонија да го ставиме во корисна функција, тогаш тој простор мора да го развиваме, да го активираме и на тој простор да развиваме било индустриско, било земјоделско или било кое друго производство, користејќи, пред се, луѓето како субјекти, користејќи ги суровините, земјиштето, природните ресурси итн.

Исто така, ако имавме ние ваква политика веќе во 1945 година, немаше да имаме таква голема и огромна концентрација на население во одделни градови како што е Скопје каде што близу една третина од населението во Македонија е концентрирано. Тоа е исто и со другите центри како што е Битола, Куманово, Тетово итн. туку ќе имавме една

состојба како што ја има Словенија, која што има мала концентрација на население во градовите, а воглавно, најголема концентрација на населението е во селата во околината на тие градови.

Според тоа од сите тие аспекти, тие се многу пошироки и потребата од донесувањето на овој закон е навистина тука. Меѓутоа, потребно е да се каже, јас и една моја констатација што и порано ја изнесов би ја кажал и сега дека ова е еден од ретките фондови и овој фонд за побрз развој на недоволно развиените општини дал крупни и ефикасни резултати. Ако ние го немавме овој фонд, ќе ги немавме овие 15 општини. Тие ќе беа, така речи, празни простори, нешто слично со Галичник. А денеска, еве, навистина, зборуваме за општини кои имаат еден сосема друг лик од колку што имаа, каде што во голема мерка е задржана миграцијата, се изградија многу фабрики, се оформи се разви едно модерно земјоделство, во голема мерка се реши инфраструктурата во тие општини, со изградба на водоводи, се направи многу на поврзување на селата сопатишта, со електрична енергија и се создадоа едни основни услови за натамошен развој на тие општини и со концентрацијата на едно стопанство, со концентрација на кадри да се овозможи еден понатамошен развој . Затоа јас не сум често пати приврзеник на оние размислувања дека треба да се менува она што веќе дало крупни ефекти. Јас сум повеќе за тоа, тоа да се дотерува, усовршува, тоа да добива еден понов квалитет, отколку да се прават радикални промени. Таму каде што ние имаме значајни резултати, а посебно имајќи го предвид дека тие радикални промени може да донесат и покрупни проблеми.

Од таа причина дали Војо фонд ќе се вика понатаму фонд или агенција, тоа е најмалку важно. Важно е каква содржина ќе има, каква форма, кои ќе бидат целите и методите низ кои ќе се остварува политика

каква што ние сакаме овде да зацртаме во фондот. Јас се плашам, ние концентрирајќи огромни средства и огромни права на одлучување во мал круг на луѓе , тоа е случајот со Владата и со нејзините министерства, дека ние можеме да направиме и покрупни проблеми во ефикасноста на таквите фондови. Овој фонт некогаш беше фонт на Заводот за планирање во нашата држава. И тој се покажа во тој состав како многу неефикасен и каде што имаше влијание од други структури и други сили и често пати тие средства не беа правилно насочувани таму каде што беа наменети и за оние цели за кои што беа наменети.

V/1 ЛП/СЛ

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:(**продолжение)

Според тоа, јас се залагам овој фонд или агенција, како сакате, ние многу брзо одиме по тоа поводарство, па да го копираме запад по сите основи па и по имиња, овој фонд може да прерасне и во агенција, но тој да биде што посамостоен, тука да дојде до израз самата самостојност и економските елементи за кои што зборуваше пратеникот Иван Иванов и уште некои колеги пратеници, а не да доаѓа до израз идеологијата или политиката на една или друга партија. Ние мора да ја согледаме таа опасност и на тоа треба да се посвети огромно влијание и размислување, затоа што тие состојби се менуваат во временски периоди. Според тоа, јас сум за една агенција или фонд, како сакате, но да биде во голема мерка самостојна институција, па дури не ми пречи и мислам дека тоа е исправно таа институција да биде под значително влијание на овој Парламент. Некој ќе каже дека тоа не е таков случај во развиените земји и во земјите во кои владее пазарна економија. Јас мислам дека ние сме многу далеку од таа пазарна економија. Практично зацртавме во Уставот и нашите акти но таа не функционира , како што самите гледате. Според тоа, ние не можеме, а за тоа зборуваа веќе некои колеги, да пренесуваме да кажам нечија конкретна практика или искуство во нашите институции. Според тоа, ако тоа остане под одредено влијание на овој Парламент , тогаш ќе остане и под поголемо влијание на самите општини, и тогаш фондот во поголема мерка би ја задржал својата смисла, цел и задачи кои треба да се постигнат.

V/2

Инаку, тука многу се зборуваше за критериумите за одредување на развиени, поразвиени и неразвиени општини. Треба да се земе голем број критериуми, а не само овие три. Се укажа на некои негативности од овие критериуми. Јас би рекол дека сите тие во себе содржат големи дилеми. Еве тука главно се укажуваше на критериумот на ангажираните основни средства. На тоа не би се задржувал, само би додал дека имаме случаи каде што се ангажирани значајни основни средства, па не се активирани тие инвестиции или се промашени инвестиции, не се ставени во корисна функција. Можеби е добро ова што зборуваше пратеникот Иван Иванов, целата инфраструктура да се изземе од обемот на ангажирани или вложени средства и тогаш би можело, особено имајќи предвид за одделни капитални објекти, да се вложат средства и за повеќе општини. Тој зборуваше, а не кажа на пример, Брегалничкиот слив кој не е само за Кочани туку и за Штип, Свети Николе итн., и тоа не може да го поднесе само еден регион, а и целата инфраструктура не може да биде критериум за развој на една општина, затоа што можете да имате патишта, струја, водоснабдување, а да немате производство, индустрија, земјоделство, па не може да се зборува за развиена општина.

И овој критериум, општествен производ, и тој треба да се види за кој период треба да се зема, затоа што периодот од последните три години, особено последните две години е потполно необјективен, имајќи ги предвид настаните кои се случија во економската сфера, особено со блокадите и тука различни субјекти различно се снаоѓаа во ненормални услови на стопанисување, така што ако се земе овој период во општествениот производ,може да даде искривена слика.

Исто така, значајна работа е да се согледа на какво техничко - технолошко ниво се објектите во кои се инвестирани средства. Ние можеме да имаме изградено објекти, но за овој период во кој не се вложуваат средства во нивна модернизација, техничко - технолошко доизградување, тие објекти во најскоро време може да имаат неупотреблива функција, односно да даваат производи кои на пазарот немаат верификација.

Трета работа за која се зборуваше, но која недоволно се елабориреше, тоа е миграцијата и тоа не само миграцијата од тие региони кон развиените, туку сега со одредени мерки треба да овозможиме миграција од развиените кон неразвиените региони, да го повратиме тој народ кој во одреден временски период поради немање основни егзистенционални услови морал да го напушти. Јас мислам дека тоа треба да биде една од многу значајните поенти на кои треба да почиваат овие мерки.

Исто така, мора да биде присутен - за тоа зборуваше пратеникот Иван Иванов - профитот , економичност во инвестирањето. Се плашам ако тоа биде во доменот на одлучувањето на одредена агенција или министерство, тие критериуми во голема мерка ќе се изгубат, особено во овој преоден период тоа прашање треба да го ставиме во рамките на банките каде има изградено критериуми и каде постојат стручни квалификувани институции и каде што тие мерила веќе се присутни со години и каде ќе бидат многу пообјективизирани тие инвестиции и тие вложувања.

Се на се мислам дека ова е многу сложено прашање, дека е дека е многу тешко, дека нема рецепт по кој може да се решава. Самото тоа

зборува дека ниедна држава не успеала неразвиените региони да ги развие и дека треба да се прииде од една научна и практична гледна точка. Добро е предлогот на г-динот Шабан Превала да го прифатиме, а тоа го прифати и Министерството , да се вклучи и науката во овој проблем во голема мерка, а исто така и праксата низ едни сериозни расправи и дискусии за да дојдеме до најконкретни решенија. Инаку било кое наметнато решение, или изгласано овде како резултат на несогледаност до крај може да има крупни последици.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Симон Наумовски.

**СИМОН НАУМОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, уште во почетокот на својата дискусија сакам да напоменам дека ја поддржувам постапката за донесување на ваков закон, од причина што сметам дека таков закон за развој и производно унапредување на некои делови од Републиката е крајна неопходен и секое доцнење на овој план го сметам за сосема штетен чин во однос на развојот на Републиката.

Предлогот на законот го разгледав со посебно внимание и можам да кажам дека имаме на располагање интересен текст со повеќе новини, кои претставуваат чекор напред и можеме да се надеваме дека во иднина, по неговото усвојување, но секако и со некои корекции и дополнувања, ќе имаме далеку поопипливи развојни и економски ефекти од користењето на средствата кои ќе се делат по него. Заради подобрување на неговата содржина сакам да ставам некои лични забелешки по текстот и сакам да предложам некои дополнителни решенија, за кои се. надевам дека предлагачот ќе посвети соодветно внимание, пред оформувањето пред текстот на нацртот.

Прво, во членот 6 се дадени трите критериуми по кои натаму треба да се цени развиеноста на подрачјата на општините во Републиката по развиеност, а тоа се како што се познати, општествениот производ по жител, набавната вредност на активните основни средства по жител, без вредноста на средствата за хидро и термо централите и степенот на вработеност.

Во членот 7 е речено дека Статус на недоволно развиено подрачје натаму во Републиката во наредните пет години ќе биде оној кој го исполнува првиот услов, по општествениот производ како просек за последните три години и еден од другите два. Јас немам забелешки по овие предлози дадени во Предлогот на законот и ги прифаќам во целина како што се предложени. Но од аспект на пореална проценка и претходна проценка на развиеноста или неразвиеноста на една општина треба да се земе предвид за проценка уште еден четврти показател, а тоа е по мое убедување висината на остварените средства за репродукција во стопанството во општината по жител како просек за последните три години.

Ова го предлагам од следната причина:

Може да се случи, а не тврдам дека има во моментот таков случај во Републиката, во некоја општина да ги имаме сите три показатели од членот 6 под границата од 75% или само 2 од нив како што се предлага во членот 7, а при тоа висината на средствата за репродукција по жител во таа општина да биде над просекот во Републиката. Прашувам дали во таков случај можеме да зборуваме за тоа дека општина е неразвиена и дека треба да ги користи благодетите на овој закон во наредните пет години?

V/6

Средствата за репродукција, како што е познато го претставуваат збирот на средствата на амортизацијата и средствата од остварената акумулација, и тоа оние кои се остварени по завршната сметка во стопанството. Тоа се изворите на средства на кои секое претпријатие денес ја базира својата проста и проширена репродукција. Ако одредена општина има натпросечни износи на вакви средства искажани по жител сметам дека таа е во голема предност на планот на развојот натаму, посебно ако тие средства се реални и се во готовина, се наплатени и постојат на располагање. Општина која има натпросечно вакви средства не би требало да се третира во подрачјето на неразвиени. Пред било што да се одлучи за земање на овој показател за едно од мерилата за процена на неразвиеноста на општините во Републиката, претходно предлагам да се направи една контролна проба за сите општини по овој показател.

Во членот 9 во ставот 2 се вели: "Статус на ридско - планински подрачја имаат населените места во подрачјата кои се наоѓаат над 800 метри надморска височина". Јас не сум за ваков крут став и сугерирам во овој член да се најде простор за уште еден став или да се најде простор во законот за уште еден член , со кој ќе се даде еластичност и ќе се овозможи и Армијата на Република Македонија, преку Министерството за одбрана да даде свои предлози за неразвиени ридско - планински подрачја, кои се од посебен интерес за нив, за одбраната на земјата и кои можеби не се наоѓаат на надморска височина поголема од 800 метри.

Во истиот член 9 во ставот 3 постои една аномалија, а тоа е следната, барем по мое убедување. Погранично подрачје до 5 км. Растојание од границата не е прифатливо за мене. Ова растојание од 5

км. треба да се зголеми, но во која граница не можам да речам. Најдобро е прво да се види кои се тие погранични подрачја кои треба во наредните 5 или 10 години да се развиваат во оваа Република со вакви средства, а потоа да се дефинира вредноста на растојанието од границата. И тука на помош со свои мислења треба да се повика Армијата на Република Македонија.

Во членот 15 став 2 , го ценам посебно, го прифаќам во целина и го цитирам, а гласи: "Лицето кое најмалку 10 години непрекинато живее и работи во населеното место во пограничното подрачје, по навршената 40 годишна возраст се ослободува од плаќање придонес за пензиско - инвалидско и здравствено осигурување. Средствата на придонесите од став 2 на овој член на соодветните фондови ги плаќа агенцијата". Ако овој став го споредиме со последниот став на член 9, кој гласи: "Статус на за останати подрачја имаат подрачјата кои опфаќаат повеќе населени места, што е изразено ниско ниво на стопанска активност, недоволно развиена стопанска инфраструктура и изразено високи миграции и празнење на просторот", тогаш додавам или прашувам: зошто сите оние кои ќе се вратат да живеат со својата фамилија во овие комплетно заостанати подрачја , на кои ќе им се обезбеди работно место, да не бидат и тие ослободени од плаќање придонеси за пензиско – инвалидско и здравствено осигурување. И тоа да бидат ослободени се до крајот на нивниот работен век. Со ваков потез ние ќе овозможиме два услови за почеток на крајно скромно одвивање на миграцијата во обратен правец и многу поголема заинтересираност на стопанските субјекти за инвестирање во вакви подрачја. Немам точна претстава колку овој предлог натаму може да ја чини државата, во сметам дека предлогот заслужува да му се посвети соодветно внимание и тоа во фаза на законот како што е сега, сегашнава.

V/8

Решението дадено во членот 4 за агенцијата го прифаќам и немам забелешки по него. Но инсистирам наметнување на одговорност за агенцијата, мислам на вработените во неа, на нејзиното раководство и на соодветното Министерство кое треба да се цени по годишните ефекти од вложувањата. На одговорноста не сметам од аспект на некакви казнени мерки, туку како предуслов во оценка на одлуките и проектите кои ќе ги има пред себе, да има далеку посоодветен пристап за да не настанат некои поголеми промашувања во инвестирањето на вакви средства во натамошниот период.

На крајот, сакам да го речам уште следното: Ако на Армијата на Македонија и се дозволи по овој закон да учествува во дефинирањето на ридско - планинските подрачја, а и во пограничните, тогаш ќе ги создадеме и предусловите за планирање и благовремено планирање сега и на инфраструктурата до и во тие подрачја, што ќе биде од извонредно значење за Републикава, од областа на поширокиот развој натаму, посебно од развојот на селото.

VI/1/ДВ/лј

**ИСМАИЛ ШАЌИРИ:**

Предлогот за донесување на закон за поттикнување на побрзиот развиј на стопански недоволно развиените подрачја по својата содржина не може да се каже дека претставува соодветно решение за сите региони во Републиката, бидејќи критериумите кои се предвидени со овој закон се засновани на ниво на општините.

Бидејќи Липковскиот терен како најнеразвиен терен во Републиката заслужува да биде инкорпориран како неразвиен регион. овој регион како најгусто населен во општина Куманово кој го сочинуваат повеќе од една третина од населението од оваа општина со голем број на нерешени проблеми од сферата на инфраструктурата патната мрежа, здравствена заштита, проблемите со водоснабдување, невработувањео и многу други проблеми, му даваат приоритет да биде вклучен овој регион како неразвиено подрачје. Затоа барам од Владата да најде модуст или начин со кој ќе се вклучи овој регион на недоволно развиентие подрачја.

**КИРИЛ МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе бидам краток затоа што пред мене се искажаа многу работи кои не сакам да ги повторувам.

Бидејќи се настапува претежно од локални сознанија и интереси, такво е и мислењето за Фондот или Агенцијата што ќе се вика, ако се вика понатаму така. Не може да се има монопол над вистината, но може би имам повеќе сознанија нешто сепак да тврдам. Бидејќи доаѓам од општина која долги години беше на самото дно од неразвиени општини. Ако не беше Македонски Брод ќе беше поеледната општина. Истовремено сум и сведок на сето тоа што е направено за мојата општина, покрај другото и со Фондот за неразвиени, иако имаше и други извори.

VI/2.-

Може би критериумите не се тие и единствени, тука може да се дискутира, но дека позитивната улога на фондот во изминатиот период не може да се порече, како пример може да послужи општината Винциа, односно мојата општина. Не може да се набројува се што е направено, но показателите сепак на некој начин покажуваат за позитивниот трен кој е присутен подолг период во општината. Сето тоа не би било можно без никаква помош и од овој фонд.

Знам, како и сите ние дека Република Македонија е не сам сиромашна туку економски бессилна, дека нема развиени општини по Европски стандардни критериуми, но знам и тоа дека има лошо и полошо Сведоци сме сите и на тоа дека скоро во сите општини има помалку или повеќе компактно заостанати подрачја и делови, како што е и во општината Виница, Калиманското подрачје што е изолирано, без патно сиронашно и скоро целото иселено, или е на пат тоа да се случи наскоро. Затоа мислам дека вака предложениот закон е чекор напред во третирањето на оваа материја, особено што се однесува до компактно заостанатите подрачја, како и некои новини што треба да се внесат во делот на пограничните подрачја. Тоа господинот Мицевски добро го кажа, меѓутоа во член 9 тие подрачја се опфатени, иако во член 2 не е прецизно дадено.

Што се однесува до пограничните подрачја, јас се согласувам со колегата Наумовски дека не се важни километрите и оддалеченоста од границата, дали тоа ќе биде 5 или 10 километри., Моите размислува на се нешто слични на неговите, меѓутоа мислам дека имам и нешто посебно да кажам а тоа е дека селата се наши најдобри граничари, но селата кои се населени, селата во кои има живот. Многу е поважно да бидат опфатени со овој закон првите села до границата, независно од нивната километарска оддалеченост од самата граница. Затоа мислам дека членот 9 треба да се преформулира, тоа е во ставот 2 , во делот на пограничните подрачја..За мене петте километри или седум ипол што

некои колеги ги заговараа не се решение. Затоа, иако мојата општина не е погранична, немам локален интерес, туку чисто од интерес на македонската држава да се грижи особено за селата покрај границата, а тоа е веројатно интерес и на Армијата и заговарањето дека Армијата треба сепак да биде консултирана во овој дел, сигурно дека држи.

Што се однесува до ридско - планинските подрачја, дали тоа ќе биде критериумот над 700, 750 или 800 километри, не е нешто што треба дал> се нагаѓа или да се пазари и не е случајно затоа што од височинската размена зависи вегетацијата, се стеснува можноста за некои културту, изборот е ограничен на она што успева, земјиштето е со пониска класа, можноста за комуникација е послаба. Сето тоа би требало да се проценува индивидуално и секакво фиксирање на некаква не знам каква височинска граница за мене е негативно. Тоа треба да го проценува одреден индивидуален тим кој би бил составен од повеќе стручњаци. Затоа во Законот и не може да се предвиди, туку, тоа, како што е речено во членот 10, ако евентуално не се направи така Владата сепак предлага некакво решение тоа да се регулира.

Исто така да напоменам дека насловот на законот не е најсреќно избран и треба да соодветствува и да се прилагоди на содржината. Има таму еден збор кој мислам дека смета. Дилемата за тоа дали треба да продолжи или на овој закон е беспредметно после сите дискусии досега. Мислам дека тоа е јасно од повеќе причини но, и само една единствена да е, по уедначен развој на целата Република односно на дел од државата е во интерес на сите. Заостанувањето на секој дел значи назадување на целата Република. Мислам дека Владата ќе ги има предвид овие размислувања и при подготовката на Предлогот на закон. сигурно ќе ги земе предвид

VI/4.-

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа. Како и сите досега и јас ќе бидам краток ама широк.

Бидејќи ова е комплекса материја не треба да зачудува факт што толку дискутанти се јавија за дискусија по оваа точка, затоа што без развој нема ни перспектива ниту просперитет на држава, а Македонија за овие три години, бидејќи се осамостои и е независна држава нормално сама ќе го гради тој развој и врз основа на сето тоа што го предлага Владата, а нормално и ние како пратеници во овој македонски парламент.

Неспорно е дека овој закон и треба на Република Македонија но и неспорно е дека оној поранешен фонд за недоволно развиените подрачја треба да се модифицира или треба да се преструктуира и тука се основните дилеми што овие дилеми околу расправата за недоволно но развиените подрачја е ставено на преден план.

Според моето мислење овој закон нормално има позитивни а има и негативни страни. Позитивните страни се тие што имаат доста новини во поглед на тоа како ќе се темели овој развој, како ќе се обезбедуваат тие средства и како врз основа на една агенција треба да се управува со сето тоа што значи развој на Република Македонија т.е. на недоволно развиените подрачја.

Веднаш сакам да истакнам дека дилемите постојат и денес, постојат и кај мене дали навистина тоа треба да биде агенција, бидејќи во овој парламент за овие три години многу често зборот Агенција ни се повторува и дали ќе биде тоа среќен збор, среќен број или несреќен број, бидејќи имаме агенција за трансформација на капиталот, агенција за информирање, агенција сега за недоволно развиените подрачја итн., и не знам понатаму што уште некоја друга агенција.

Исто така овде од одредени дискутанти беше укажано, а со кои потполно се согласувам дека во овој даден момент ние колку да се залагаме за таа пазарна економија и колку да сакаме вештачки да пресадиме нешто од тој западен систем кој отишол многу пред нас а ние во овој преоден период сакаме да копираме но неумешно, треба малку да се подзамислиме и да видиме дали концентрацијата на вакви средства во било какви агенции ќе донесат многу подобро нешто за недоволно развиените подрачја во Република Македонија или пак ќе се повторуваат оние работи што ни се случуваат во минатото.

Иако овде некој дискутанти истакана дека од тие фондови за неразвиените подрачја под поранешна Југославија се користеа дост средства, но ние имаме и едно негативно, горчливо искуство во поглед на тие средства. Некои луѓе во Република Македонија успеа со таквите средства не само да дадат придонес за својот, да речам град или општина, но направија да создадат и сопствен имиџ на големи деловни луѓе, луѓе кои имаат јак потенцијал, а не само економски потенцијал туку во денешни услови може да се каже дека ќе имаат и политичка моќ. Ние мораме да водиме сметка за овие две работи во Република Македонија. Дали ќе ни се повторува, од каде што е политичарот од таму ќе биде и средствата и дали во одредени институции во државата ќе сконцентрираме толкава моќ, не моќ како луѓе, само интелектуална моќ туку моќ во поглед на економски средства од каде ќе може директно да се интервенира и политички од одредени политички структури или политички партии, во иднина ќе можат да се прават повторно некои изигрувања на развојот во поглед на недоволно развиените подрачја во Република Македонија. Тука треба да бидеме многу внимателни. Не дека ние денес се наоѓаме во овој парламент и дека сме многу паметни. Има и надвор од оваа институција, од овој највисок законодавен орган многу институции, многу паметни луѓе што седат и добро ги познаваат состојбите. Земете го еден институт за политичко - правни истражувања,

земете ја МАНУ, земете еден завод за рударство итн. Сите тие институции имаат определени видувања за неразвиените подрачја во РМ и тие треба максимално да се искористат. Тој интелектуален фактор ќе има пресудно значење за натамошниот развој на целокупна Македонија, не само на овие недоволно развиени подрачја. Тука не го делам мислењето со некои мои колеги овде во парламентот дека науката е таа што треба да влече напред. Овој закон мора да коинцидира строго не само со тој интелектуален фактор, мора да коинцидира и со теренот . Не може овој закон да биде парцијален, изграден само од една канцеларија или од едно биро. Мора да се излезе на теренот и да се видат состојбите такви какви што се. Да не ни се случува како од минатото, направивме план и проект а кога одиме на лице место состојбата е сосема поинако па мора да ги ревидираме и плановите и програмите и средствата што се вложуваат таму. Значи потребно е тоа да се направи правовремено и ние како Република Македонија, како сериозна држава мора на лице место да ги имаме сите тие реални состојби , да знаеме се што каде постои и каква е состојбата во РМ.

Овде стана збор од повеќе дискутанти за критериумите што се ставени за недоволно развиените подрачја и кои ќе бидат опфатени според тие критериуми. Веднаш да кажам дека не го делам мислењето со оние луѓе што рекоа дека овде станува збор за локал патриотизам и ние од местата од каде доаѓаме дискутираме само за сопствените интереси. Тоа не е локал патриотизам. Тоа е заради тоа што ги познаваме состојбите на теренот таму од кај што сме дојдени, а не дека немаме интерес, и неразвиените подрачја, Македонски Брод или во источна Македонија итн.. Значи, критериумите, што се дадени сега во овој закон,еве конкретен пример. Земете ги општините Прилеп, Кавадарци и Битола. Ако го земете она што значи критериум, развиени

или неразвиени е сосема дијаметрално спротивно ако го земете оној цел простор, сега може би некој повторно ќе се насмее, Мариово, дека не ја дава реалната слика за неразвиено подрачје иако се наоѓа на три дела во овие три општини. Значи, со овие критериуми реално нема да ја добиеме сликата на теренот, а заради историските услови, заради повлекувањето на Грчката граница до Битола и отцепувањето на Мариово ние имаме катастрофално заостанат дел. Немаме ниту стопански субјекти кои ќе направат планови или програми или ќе побараат средства од таа агенција или Фонд, било како ќе се вика, тука не спорам, ќе видиме што може да се решава. Нема стопански субјекти на теренот кои ќе повлечат.

Исто така Симо Ивановски кажа дека според репродукцијата на одредени стопански субјекти треба да се мири и степенот на развиеност. Меѓутоа, ние немаме обична репродукција на луѓе во одредени терени на РМ, а од друга страна се среќаваме со голема популација на луѓе на еден терен, на другата имаме тотално промашување, немаме проста репродукција. Значи, овој закон, овие критериуми мора да бидат потпомогнати со нешто друго. Мора да се знае состојбата на теренот таква каква што е да се сумира реално без никакви предрасуди, без никакви заобиколувања и без никаква политички определби на луѓето кои моментално работат дали во оваа Влада наредната или во некои други институции, затоа што тоа подразбира еден сериозен однос кон оваа материја.

Исто така што сакав да кажам е тоа дека ваквата слика на тие неразвиени подрачја ни се повторува на повеќе делови во РМ. Заради тоа овие критериуми, уште еднаш да потенцирам и со тоа би завршил, мора да се изменат, мора да се направат поинакви критериуми, за да може да се добие реална слика.

VI/8.-

Исто така кога зборувам за овој закон за кој е неспорно дека сум да се донесе во постапката во која е предвиден, треба да се води сметка дали овој закон е во согласност или ќе биде во согласност со стратешката национална развојна стратегија, економска стратегија на оваа држава. Тој мора да биде инкорпориран во тој национален и стратешки развој кој треба да трае, да речеме во наредните 10, 20 или 50 години, затоа што ние не можеме за едни парцијални решенија или само со еден закон кој не е инкорпориран во другите закони а и потпомогнат од другите закони, да речеме во областа на даночниот систем, под областа на земјоделието, од областа на кредитната политика што треба да се креира во одредени недоволно развиени подрачја во Република Македонија. Какви кредити ќе се даваат, дали во одредени области особено во земјоделието или сточарството ќе се користат одредени странски кредити заради тоа што ние 50 години во овој дел од стопанството немаме вложено ни динар а сме вложувале само во индустријата и да видиме со какви ефекти ние ќе се здобиеме во тој правец. Значи овој закон мора да коинцидира и со другите закони на таа развојна стратешка и национална политика во РМ за да биде целисходен, за да биде подотворен. Инаку, вака само заради тоа што досега беше фонд за недоволно развиени подрачја да го префрлиме само во извршната власт, во Владата и да можеме да правиме одредени трансакции и да правиме одредена моќ кај одредени луѓе мислам дека е недопуштиво. Затоа посебно до министерството и до госпоѓата министерка апелирам да се видат овие работи . На крајот на краиштата не треба само Владата тоа да го прави. Тука с институциите на државата, реков институтот за политичко правни истражувања би се вклучил околу популационата политика, Институтот на рударство би се вклучил од областа на рударството, Институтот за земјоделие и Факултетот за земјоделство во РМ би се вклучил во тој правец и сите

други институции во Република Македонија, да се  добие една целосна слика и да з наеме ние понатаму,без разлика дали во овој мандат се донесол овој закон и без разлика дали се променила  таа Влада или не, да се воведе еден стабилен систем на развој на недоволно развиените подрачја на РМ. Инаку, ќе ни се повтори слика што беше евидентна порано во РМ кога одредени луѓе, одредени политичари имаа можност и шанса таквите квалитетни средства, дали од Фондот на неразвиени подрачја на таа поранешна заедница ги користеа и за свој личен авторитет и просперитет и економска моќ а денес дури и за политичка моќ.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Затоа да не должам, посебно ние од Битола апелираме Мариово е еден голем потенцијал во Република Македонија и за овие три општини. На крајот, конечно, сакам да завршам, со новата регионализација, новата поделба на општините, ние мораме да водиме сметка Мариово не смее да припадне во атарот на три општини на Република Македонија. Мора да се створи или да се створат услови за еден административен центар како што е Старавина или Витолиште да може и тој дел, реков, уште еднаш ќе повторам, заради историските прилики, заради повлекувањето на границата што е отсечен тотално, затоа треба да се створи еден административен центар и патот Битола - Кавадарци треба да се поврзе со Старавина или Витолиште, или тој транзит од Кавадарци, сето тоа овоштие и раноградинарски култури, место да прават заобиколен пат преку другите патишта, да одат директно преку Мариово, преку Старавина, Битола и ќе се упатуваат на другите места, а тука имаме Албанија и Драч. Мора да се води една ваква стратешка политика и само на таков начин ќе можеме животно да ги заинтересираме луѓето кои моментално под никакви услови живеат во градовите а имаат имот во Мариово, да се вратат и да најдат многу подобра егзистенција заради својот личен интерес. Затоа што, верувајте, во наредниот систем што ние го градиме, ова е само почеток, ова е само предигра, ова не е ништо, ние 50 години градевме социјалистички самоуправен систем, не се изгради. Затоа велам ова ќе трае долго. Затоа велам треба да сфатиме се во наредниот систем ќе почнува со интерес и се завршува со интерес. А, интересот е профит, капирал. Ние тоа мора да им го обезбедиме на луѓето што треба таму да се вата на оние иселените во прекуокеанските земји. Само со една ваква осмислена, само со едно добро водена

политика и добро насочени средства не само од Буџетот, туку можат да се најдат и други средства по разни канали, по разни основи да се упатуваат за развој на овие недоволно развиени подрачја, ќе имаме шанса и јас дури тогаш ќе бидам оптимист дека Македонија може да чекори како самостојна суверена држава. И на сето друго се само парцијални решенија и со само гледање до себе си а не подалеку, мислам дека не ќе имаме перспектива.

Се извинувам за подолгото изнесување и уште еднаш сакам да повторам, нека не ви звучи ова како локал - патриотизам. Јас и порано во овој парламент изреков, кога беше дискусијата за РЕК, истакнав и доста од новинарите, почитувани новинари ставија забелешка дека станува збор токму за еден таков патриотизам. Не, почитувани новинари, станува збор за рамномерен развој на Република Македонија. И, станува збор за одредени специфични услови каде може да се развив земјоделието, сточарството, туризмот или други стопански објекти. Ќе ги лоцираме и ќе ги правиме таму каде што најмногу економски се оправдани, а не, повторно да укажам, не од каде што е политичарот таму се и фабриките, таму е и стопанскиот развој.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници, сигурно дека вниманието попушти, но бидејќи се работи за оваква материја, оправдано е јавувањето на повеќе пратеници.

Најпрво сакам да истакнам дека ја поддржувам постапката за донесување на овој закон со одредени мои забелешки. И јас не ги поддржувам дискутантите што велат дека не треба и локално да се дискутира, затоа што ова е баш таква материја што можат да се направ. и големи неправди односно неразвиените да ги развиваат развиените.

VII/3

Бидејќи според критериумите, показателите дадени во оваа табела од што се гледа развиеноста на општините односно на регионите, сакам да дадам една слика за мојата општина што ќе се потрудам да покажам со факти дека е онеправдана. Радовиш, која со досегашниот закон беше неразвиена општина, а сега со овој закон е ставена во развиените општини, ќе почнам по ред според показателите:

Има направено голема грешка во општествениот производ по жител. Имено, затоа што е земен тригодишен просек за 1989, 1990 и 1991 година. Иако тоа се однесува за сите општини, но овде има стварно нешто што не треба така да биде.

Радовиш во овие години имаше навистина, можеби подобар нерегистриран доход, но во споредба со сегашниот период тоа е намалено на половина а можеби и повеќе. Се работи за раноградинарските култури. Бидејќи во тоа време браната беше полна со вода и висок степен, висок процент од граѓаните се занимаваа со раноградинарски култури и имаа доста добар приход. Само еден пример,од хектар пипер се добиваше просечно 30 до 40 тони пипер, а цената беше една - две марки. Значи од еден хектар се добиваше по 50 илјади марки.

Во последните години, бидејќи сега во Радовиш вода нема упросечено веќе две години, овој приход воопшто не е присутен. Овде сега излегува дека Радовиш од таа страна има приход.

Друго, во Радовиш, како прочуено тутунско место излегува дека општествениот производ го формираат децата, затоа што тутунот го произведуваат децата од 7 до 18 години. Овие не влегуваат ни во другиот критериум, степенот на вработеност. Значи, двојна онеправданост.

Друга забелешка, како показател за одредување на развиеноста, односно неразвиеноста се земаат и активните основни средства, односно набавната вредност на активните средства. Со истиот пример, бидејќи Мантово како акумулација и како систем за наводнување има многу висока вредност, а тој е сега мртов моментално од него не очекуваме ништо и досега немаше ништо, а во оваа табела е влезен како учество во активни основни средства. Значи катастрофална грешка. Тоа не с активни основни средства. И, мислам дека на овие работи треба да се обрне крајно внимание.

Понатаму, Радовиш е општина што многу малку има села поврзани со асфалтен пат. Јас верувам дека единствено во Радовиш има села каде што до сега нема изградено водовод, За тоа се водеше добра политика, но овие села останаа последни во Македонија каде што нема воопшто изградено водовод. Мислам дека овие мои укажувања треба обазвено да се земат предвид и според мое длабоко уверување да се исправи грешката што е направена спрема Радовиш.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам краток.

Го прифаќам законот како закон, но сепак сметам дека треба во Законот да се дадат одредени приоритети. Ако вршиме оценка што е неразвиено денеска во нашава држава, ќе видиме дека се неразвиени они краишта што немаат инфраструктура. И, од каде бега населението, оттаму каде нема инфраструктура, се разбира.

Затоа предлагам, приорите во законот да биде градењето на инфраструктура и тоа во тие подрачја кои што имаат одредени природни ресурси. Мислам дека ако градиме инфраструктура во пределите што имаа одредени природни ресурси што ќе можат да се користат, тие подрачја не само што ќе избегаат од делот на неразвиеноста, но ќе бидат корисни и за државата.

VII/5

Еве зошто мислам:

Такви подрачја има повеќе. Ако ја земеме општината Титов Велес како општина секогаш се смета дека е развиена општина, не зборувам за Велес, но ако го погледнеме западниот дел на општината ќе видиме дека таму имаме доста неразвиени подрачја, односно таму немаме никаква инфраструктура, иако сметам дека таму имаме добри природни ресурси. Веднаш ќе кажам кои се тие ресурси.

Прво, пасиштата во тој дел, второ шумското богатство, трето неметалите и водните ресурси.

Во тој дел, заради тоа што нема изградено инфраструктура, не се користат и овие ресурси.

Истото што се зборува за Мариово, во Радовиш и за сите други подрачја каде што заради таа инфраструктура немаме одреден развој. Што би станало ако се добие една инфраструктура во овие подрачја каде има одредени ресурси? Нели ќе се поттикне да може да се вложува во тој дел не само општествени средства туку да се упаѓа од приватни средства, да влезе одреден приватен капитал. Ако има таму пат, сигурно дека тоа природно богатство ќе може некој да го користи. Ако има пат до пасиштата сигурно ќе има услови некој таму да развива сточарство затоа што се она што е како производ од сточарството ќе може преку патиштата да го донесе на пазарот или на преработка или да го продаде како производ.

Ако законот се насочи за овој дел, прво да се изградат сите инфраструктури што се потребни на населението кое живее во тие предели, а има еден потенцијал, ќе може тие, не да се развиваат со пари од фондот, туку да се развиваат од други пари. Пари, што ќе го градат интересот. Ако имам можности да дојдам до тој природен ресурс да

вложам свои пари, затоа што од тие пари ќе имам одреден профит. Ако не можам да стигнам до таму сигурно нема да ги угаѓам тие пари затоа што не ќе го имам тој профит.

Мислам дека во тој дел иако во членот 9 има нешто за тие ридско - планински реони во Републиката напишано, но треба тоа да се допрецизира во тој дел. Во сите тие прво да се оди на инфраструктура, со цел да се искористат природните ресурси. Само така Републиката ќе има одредена корист. Можеби интересот ќе биде во страниот капитал што ќе влезе во одредено време, токму таму за користење на тие природни ресурси. Само така ќе можеме и да го задржиме, односно да вратиме одредено население во тие предели и да се создаде можност за одредени вработувања.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Чувме пратеници од општини што се неразвиени или што сакаат да добијат, нивните општини од каде што доаѓаат третман во клубот на неразвиените.

Според критериумите, односно показателите што ги подготвува Владата во овој предлог за донесување закон за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја општината Гевгелија е една меѓу најразвијните во Република Македонија. Ќе ја искористам можноста да го кажам моето размислување како пратеник од општина која е една од најразвијните во Републиката.

Скептик сум во врска со примената на Законот, вака како што е предложен, затоа што ако се сеќаваме и во поранешна СФРЈ постоеше еден фонд за неразвиени републики и најбрз развој на покраината Косово. Токму најнезавидните беа најмногу против функционирањето и работата на тој фонд за неразвиени републики.

VII/7

Се плашам дека истата практика ќе се продолжи и во рамките на уставно - правната позиција на возобновената самостојност на Република Македонија со уште понегативни импликации ако се има во предвид неразвиеноста на подрачјата во рамките на РМ, на кои дополнително ќе им се додаде и етничката компонента. Факт од кој не може да се побегне е дека пред се според овие критериуми и показатели општините во западниот дел на Македонија населени претежно со Албанци се едни од најразвијните во Република Македонија.

Кога тие што имаат би имале повеќе и би биле побогати, верувам дека ќе има и за тие кои немаат толку многу, кои се посиромашни. Затоа што само така може да се повлече вкупниот развој на РМ. Негативно е ако се врши класична прераспределба од поимотните на посиромашните, без претходно да создаваме законски услови, еднакви услови за стопанисување на секој стопански субјект во РМ.

Тоа ќе ги упропасти и побогатите и посиромашните. Нормално ќе влијае негативно,стагнантно врз вкупната состојба на стопанството во РМ.

Впрочем, политиката на еднакви стомаци и урамнилпвката не вовлече во денешниот економски колапс. Иако никој не го негира влијанието на државата,па и нејзиното ангажирање за подигање на степенот за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Жалосно е ако секој секому се жали за некаква експлоатација од другиот и осиромашување, обвинувајќи го другиот, бидејќи тоа верувам дека тоа ќе не однесе кон една општа сиромаштија .Нормално е оној кој денес е најбогат бизнисмен  во Републиката, најголем газда со оваа "трансформација" на општествена сопственост од примерен комунист како неокапиталист врз основа на фондовите на неразвиени подрачја, дека ќе има право да го фали овој закон и неговото функционирање и понатаму.

VII/8

Неспорно е дека врз основа на членот 57 од Уставот на Македонија кој дефинира дека Републиката го поттикнува економскиот напредок о се грижи за порамномерен просторен и регионален развој, како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја ќе донесеме констатација дека има уставен основ за донесување на овој закон што е предмет на расправа.

Меѓутоа, и Предлогот на законот, лично сум убеден според одредбите како што се напишани е разлутат на една досегашна практика која, во основа со овие критериуми и показатели, ќе ги продлабочува разликите помеѓу развиени и неразвиени за целата Република да стане едно неразвиено подрачје и територија. Пред се, заради тоа што предложените одредби на Законот се продукт на довчерашната општествена сопственост "која сакаме" да ја трансформираме, без јасно дефинирани односи во сопственичките односи на средствата што ќе се собираат и некаде пласираат според одредбите на овој закон. До сега се земаше од едни, се даваше на други. Се беше општествена сопственост и сите беа и никој сопственици врз тие средства.

Прашање во услови на сопственичко преструктуирање и познат сопственик врз средствата за производство и врз било кои други парични фондови, дали некој кој што има ќе сака да даде некому нешто, заради мешањето на државата и државната администрација без да има увид и контрола врз пласманот и ефектуирањето на тие средства. Или, сакаме и понатаму да ја задржиме практиката, државата да стопанисува. Тогаш, бегаме од пазарната економија и пазарната економија останува само како една обична фраза.  Затоа, треба да создаваме пред се законски услови за стопанисување на сите субјекти врз рамноправни основи, развој, пред сена инфраструктурата, за да може по пазарни услови да се сели капиталот од неразвиени во развиени подрачја.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (Продолжение)

Законот во наредната фаза треба да го дефинира и карактерот на сопственоста на досега пласирани средства во општествени субјекти, субјекти во општествени средства кои врз основа на средствата од разните фондови за побрз развој на недоволно развиените подрачја стекнале капитал, а сега со оваа фиктивна трансформација се претвараат во големи бизнисмени и големи газди.

Што се однесува конкретно до текстот за донесување закон би ги дал следните забелешки:

Во членот 4, сметам дека и како Собрание треба да изградиме некои објективен критериум за тоа каде би требало да се основаат фондови, каде агенции, со какви надлежности и во рамките на кои органи на управата. Еве зошто. Сметам дека агенцијата би требало, како што е предложено, не би требало да го задржи тоа име, односно би требало органот или институцијата која што ќе располага со механизмите и средствата за поттикнување на побрзиот развој на подрачјата, да го задржи називот фонд. Еве зошто. Државата се чини, односно Владата таму кај што има големи дудиози како од коприва бега, не сакајќи да ги земе надлежностите. Пример со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Огромни дубиози, таму каде што не можеш да бидеш газда на туѓи средства, затоа што и ги нема не можеш да ги земеш надлежностите за да се фалиш за да некој ти ја накалеми некој одговорноста каде, од каде средства и зошто нема средства. Меѓутоа, таму каде има средства во конкретниов случај со некои пак за мене недефинирани извори на стабилност на финансирањето на целиот овој систем, лесно е да се преземе ингеренцијата од самостојна институција фонд во надлежност на одделно ресорно министерство како агенција, за да некои од тоа министерство ги дели средствата и распределува за да

кажете ние тука имаме средства па ги делиме.

Понатаму сметам дека не би требало да биде агенција, односно би требало да има некоја институција која би имала карактер на фондација од причини да се ослободи влијанието од партиските и локалистички интереси на членовите на Владата сметајќи дека институцијата која ќе располага со механизмот и средствата за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја треба да остане како самостојна институција со јасно дефинирана организација и функција.

Во членот 6 сметам дека овие наведени показатели даваат погрешна слика и перманентно би давале погрешна слика за степенот на стопанската развиеност на подрачјата на одделни општини, односно во општините во Републиката. Развојот односно системот на поттикнување на недоволно развиените подрачја мора да биде во корелација со популационата политика што треба перманентно да се води во државава имајќи го во предвид концентрацијата и механичкиот прилив во одделни населени места кој со овие показатели даваат погрешна слика за нивната развиеност. Не е потребно да се следат показателите, доволно е да направи една прошетка низ Републиката за да и покрај овие показатели според прегледот што го дава Владата голем или поголем број на населени места, села, општини, во источниот дел на Македонија објективни се неразвиени, меѓутоа, според показателите даваат степен на висока развиеност.

Во членот 7 статутот на стопански недоволно развиените подрачја имаат општините на кои показателот општествен производ по жител и најмалку еден од двата показатели се под 75% од просекот на земјата сметам дека треба да се дефинира одделен временски период во кој перманентно едно подрачје покажува одреден просек или одделен

степен според овие наведени показатели за да може да го добие статусот на стопански недоволно развиени подрачја.

Во членот 9 сметам дека би требало во ставот 3 статус на погранични подрачја да ги имаат сите населени места во подрачјето кој што се наоѓа до 5 км. или помалку од државната граница независно од степенот неразвиеност, пред се заради тоа што се работи за погранични подрачја.

Во членот 10 ставот 2 би требало да се избрише заради тоа што Владата на РМ би требало да ги утврдува подрачјата како стопански недоволно развиени без некое ограничување или важност на одреден временски период како што е тоа наведено во рок од 5 години. Ниту мандатот на Владата се поклопува со тој период ниту има гаранции дека една Влада ќе може да го издржи тој мандат до крај за да она што ќе го дефинира за наредните 5 години со една наредна влада нема право да го промени, според критериумите што таа ќе ги изгради.

Во членот 14 сметам дека средствата кој што се обезбедуваат по основ на овој закон би требало единствено да се насочуваат во системите на нестопанската инфраструктура и тоа во оние системи чии сопственик е државата за да имаме познат сопственик на средствата кој се пласираат а собрани по основ на овој закон и инфраструктурата е основа и тоа солидна основа за развој на индустриското производство во оние подрачја каде што истата ќе биде изградена.

Во членот 15 би требало да се наведе механизмот на средствата за придонесите кој што ќе ги плаќа фондот преку соодветните фондови имајќи ја во предвид предвидената мерка за лице кое има најмалку 10 години непрекинато живеење и работи во населено место во пограничното подрачје по навршена 40-годишна возраст да се ослободува од плаќањето на придонеси за пензиско - инвалидско и здравствено осигурување. Благодарам на вниманието.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас во мојата дискусија ќе се осврнам на некој гледања по основ на понудениот предлог за донесување на закон. Општо е познато дека владите односно државите скоро во сите земји каде што има нерамномерен развој преку свој инструмент делуваат како тој развој би се поурамномерил. Такви се и напорите кој што ги имавме и порано и сега со предлогот со кој се предлага за донесување на закон.

Јас во мојата дискусија ќе кажам дека воопшто не го оспорувам фактот за донесување и го поддржувам предлогот за донесување на закон, меѓутоа ќе кажам некои мои видувања кој се однесуваат на поедини прашања кој што се регулираат со овој предлог за донесување на закон.

Имено, член 4 зборува дека се формира агенција. Дали ќе ја викаме агенција или како што го викавме фонд тоа не е многу битно, тоа го кажаа и поголем број пратеници.

Понатаму, во член 5 се зборува за тоа што ќе работи агенцијата, па меѓу другото вели обезбедува оцена на инвестициони програми а исто така и меѓу другото дава и техничка помош. Што се однесува до прашањето да обезбедува оцена и инвестициони програми јас ќе кажам, а тоа беше мојата замисла тука да изнесам свое мислење по однос на тоа што ќе стане агенцијата која планираме да ја формираме. Се плашам имам одредени искуства да оваа агенција или пак фондот не стане орган кој што ќе троши многу пари, не стане крупен орган, крупна организација која што, ќе троши, многу средства за исплата на платите и материјалните трошоци на Агенцијата а помалку средства, познавајќи ја состојбата да остане за интервенции,, за оние намени за кој се создаваат средствата.

Мислам дека прашањето на оцена на инвестиционите програми лично мислам дека тоа треба да биде оставено на институција која е оспособена. Зошто тоа го велам? Прашањето на процена на инвестиционите програми е крупно прашање и не би смеело ако зборуваме за правилна оцена не би смеело тоа да остане туку така и да го вршат само одреден начин на лица, работници, кој недоволно ја познаваат таа проблематика. Познато е дека проблематиката за оцената на инвестиционите програми е посебен предмет на поедини студии на факултетите и затоа мислам дека тоа е специфичност и не би смеело тоа да го омаловажуваме.

Кога е прашањето на формирањето на агенцијата мислам дека треба да кажам дека односно кога се во прашање средствата кој ќе се формираат во предлогот за донесување закон е речено дека тоа ќе бидат еден од 100 од оствареениот општествен производ во земјата и од другите извори кој засега не се одредени односно немаат своја квантификација. Познато е зошто немаат своја квантификација, бидејќи не се знае колку од тие удели ќе се продадат, не се знае колку ќе изнесуваат тие концесии. Сосема оправдано и заради тоа нема и своја квантификација. Меѓутоа, мислам дека пред да се опре- делиме за тоа дали ќе оформиме или каква агенција, кои надлежности ќе ги има агенцијата треба точно да ги изоцениме овие параметри, да не ни се случи да ни биде а такви примери и денеска има кога и разви ениот свет настојува да го развива недоволно развиениот свет, тоа и во Европа се случува, многу пари да одат на изработка на проектите, а помалку пари да одат во финансирањето на одредени проекти, директно. Мислам дека тука треба да водиме сметка да не ни се случат такви работи бидејќи такви примери има доста.

Што се однесува до прашан;е»го за тоа кое што е регулирано со член 9 став 3 по однос на статусот на пограничните подрачја, јас се залагам за тоа ширината на тие погранични подрачја да не биде 5

километри бидејќи 5 километри јас мислам дека не сме направиле ништо ако кажеме само 5 километри. Ние имаме подрачја и тоа Мариово, се знае, дел, а да не кажам за Западна Македонија од каде што доаѓам јас дека навистина треба тој простор да го прошириме. Бидејќи пет километри може да кажам дека не сме опфатиле баш ништо.

Мислам дека одреден пропуст е направен од предлагачот во однос на тоа на стилското оформување на предлогот за донесување на закон. Така да во почетокот зборува во член 11 дека средствата што ќе се формираат по член 14 ќе се трошат вака и вака. Мислам дека формално треба во Предлогот за донесување на закон односно предлогот или нацртот како ќе одиме во фази треба да бидат прво, одредени или изворите на средства, па потоа намените или пак прво намените па потоа а не да зборуваме прво во член 12 затоа што ќе се прави во член 14. Мислам дека тоа е малку една нелогичност и претпоставувам дека ќе биде исправено.

Член 15 зборува за тоа, за индиректните мерки на економската политика. Јас мислам дека со индиректните мерки се опфаќаат само пограничните подрачја. Мислам дека пропуст ќе направиме иако тоа ќе чини, ќе чини доста да не ги вклучиме и ридско - планинските подрачја. И, се залагам за тоа да во индиректните мерки да бидат вклучени и ридско - планинските подрачја. Кога станува збор за ридско - планинските подрачја многу дискутанти зборуваа, рекоа дека е битно да во тие ридско - планински подрачја, во тие недоволно развиени подрачја, е битна инфраструктурата. Јас се слагам во потполоност и добра е определбата што средствата ќе одат во инфраструктурата, таму ќе бидат насочени. Ако ние исправно постапувавме во минатото, сигурно дека ќе ги немавме овие состојби кои што ги имаме денеска. Во однос на недоволно развиените ридско –планински подрачја и пограничните подрачја, затоа што искуствата од поедини поранешни ЈУ - републики особено Словенија тоа го кажува.

VIII/7.-

Така да како што рече и господини Љубисав Иванов ние дојдовме до состојба да населението главно концентрирано во Скопје, а што значи тоа знаат подобро оние кои што живеат во Скопје и оние кои што се бават со проблемите на Скопје, иако слични проблеми има и во другите места. Меѓутоа, ако и сега се определиме за тоа да во овие подрачја дадеме свој допринос преку средства, ја развиените инфраструктурата сигурно ќе допринесеме да не ни се зголемува Скопје и другите поголеми градови.

Благодарам.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, во врска со точката што е на дневен ред ја с би се осврнал на член 14 од Предлогот за донесување на закон каде што е дадена ориентација за кои намени ќе се насочуваат средствата и се такстативно наброени. Со оглед дека сум пратеник од подрачје кое е недоволно развиено, ридско - планиско и погранично во кое во изминатиот период беа вложени средства до фондот и се изградија неколку дисперзирани објекти на поголеми претпријатија од Републиката кои поради настанатите промени од 199 0 година и наваму и состојби кој ги имаме големиот дел на истите не се користат или некои се сосема вон функција, а некои можеби се користат со намалени капацитети 20%. А, што значат тие објекти, за тоа население и за тоа подрачје не би сакал да ги замарам пратениците. Во мојава дискусија јас се залагам во намените да се вклучи и определбата ан насочување на средствата од овој закон за ставање во функција на овие објекти кој засега функционираат со минимални капацитети.

VIII/8.-

Исто така се залагам да оддалеченоста од границата не биде 5 км. туку да се прошири повеќе, а јас би предложил тоа да биде барем 10 км. бидејќи со 5 км. како што рече еден од пратениците мислам г-дин Ајдарага, само малку ќе бидат опфатени тие подрачја кој се на оддалеченост од 5 км.

Благодарам.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

И јас потекнувам од една неразвиена општина, општина Струга со ридско - планински комплекс 70% со елементи на пограничност со миграциони движења во изминатиот период, меѓутоа, тоа е тоа. Сакам да кажам во какви услови се донесува или се има амбиции да се донесе овој закон и покрај тоа што ги ценам амбициите на Министерството за здравство да ја актуелизира оваа проблематика мислам дека е прерано пласирана и назначена потребата од овој закон заради тоа што се наоѓа! во период на транзиција.

Кои се целите на законот?

Прво, трансформација на фондот за стимулирање на недоволно развиените краишта во Министерството за развој, што практично значи дислокација на финансискиот капитал во Фондот, во Министерството за развој за оваа проблематика.

Која е улогата на Министерството за развој?

Прво, улогата на Министерството за развој е макроекономската политика, а која е улогата на Фондот? Макроекономската политика, Кого треба да го поттикнување во фаза на транзиција? Постојните сто- пански субјекти кои во изминатиот период се дислоцирани во неразвиени- те краишта како резултат на една политичка одлука. Таа беше поголемите и помоќните стопански организации должни се да дислоцираат стопански субјекти во неразвиените краишта. Тоа во голем обем е завршена работа, Меѓутоа, тоа беа други услови кога постоеше инпут на капитал и кога поттикнуваме која сопственост ќе ја поттикнуваме. Реков дека се наоѓаме во фаза на транзиција, доминантна е општествената сопственост. Тоа значи, треба да ги поткренуваме оние стопански субјекти во општествена сопственост кои не даваат никакви или даваат многу мали резултати.

Практично треба да им дадеме, во периодот на транзиција, вештачко дишење за нивно натамошно одржување. Тоа не можеме. Од тој аспект сметам дека прво, потребно е да се заврши со проектот на реприватизација, потоа е потребно да се заврши со проектот на реприватизација и на тие подрачја овие дислоцирани стопански субјекти или нови што ќе се раѓаат. Треба да се формира нова стопанска структура, субјекти со други титулари, државни или приватни или со друг мотив за живот и творештво. Кои се подрачјата што треба да се поттикнуваат? Тоа моделот на старите постојни општини. Меѓутоа, заговараме закон за локална самоуправа, тоа значи нова структура на политичко правни заедници. Тоа значи нова структура на неразвиени без оглед со кои параметри истите ќе ги третираме.

Меѓутоа, мислам дека во оваа фаза на транзиција како ударно како ударна развојна мерка во овие подрачја е инфраструктурниот сектор. Што е тоа? Патишта, струја, ПТТ врски, вода односно создавање на услови за развој. Ние треба целокупната финансиска снага да ја насочиме во неразвиените во овој сектор. Дури тогаш, а тоа е функција на Владата, ќе се создадат услови за реализација на развојни проекти и за создавање на миркоекономски субјекти со нов титулар за што се согласувам дека сигурно во неразвиените ќе им е потребно поттикнување. Затоа сметам дека во оваа фаза е потребно да остане функционирањето на фондот сигурно на нови основи и врз една програма која би ја дефинирало Собранието, а во меѓувреме да се работи на вкупниот развоен проект вклучувајќи ја и научната мисла во дефинирањето на она што е тоа неразвиен комплекс.

Само еден пример. Параметарот општествен производ перкапита (по глава:) дали ние го дефинираме општествениот производ на ниво на Републиката? Меѓутоа, има фамилии во неразвиените краишта каде и те

како доаѓа странкапитал од вработените што се во странство, кој никаде не се евидентира. Тоа е останато вон финансиските институции, тогаш и нашите определби за примената на критериумот општествен производ пер капита не ни се на здрави економски основи. Голем финансиски капитал од неразвиените подрачја од оние што работат во странство апсолутно со никакви средства на економска политика не е зафатен во сите сектори на развој.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Има давам поддршка на сите досегашни дискусии, дискусии на сите предлози и најсигурно и најверојатно заради тоа што сме се уште во фаза на мал развој, имаше една стратегија која укажува на големи недоследности, за неправилно користење на средствата од поранешниот Републички фонд и Фондот за неразвиените подрачја што се формираше на ниво на Југославија, што добивавме, што дававме во тие фондови, каде се употребени тие средства, колку мртви фабрики направивме колку политички фабрики и да не набројувам денеска сакам да се задржа на Предлог-законот на две места.

Немам на која друга врата да чукнам освен овде во ова Собрание. Наиме, уште на почетокот на основните начела врз кои се заснива законот едно од начелата е создавање изедначени услови за живот и работа на граѓаните во сите делови на земјата. Ако се сеќавате јас поставив на два пати пратеничко прашање дали има граѓани во Република Македонија кои живеат во супстандардни живеалишта? Тој материјал сите го имате. Еден добар дел од граѓаните навистина живеат во тие супстандарни живеалишта, а еден добар дел не се опфатени со

тој материјал, а ние имаме подготвено една голема информација која ќе дојде овде во Собранието. Луѓето живеат без вода, се уште има без струја, без канализација, без улица, без елементарни работи за еден елементарен живот. Луѓето живеат во гета. Создадовме гета. Многу интересна работа. Странски држави и хуманитарни организации во странство на пример ЕКВИЛИБАР од Франција се бави со прашањето на живеењето на граѓаните во Гостивар, во фазанеријата и циглананата, а ние тоа воопшто не го гледаме, како да немаме очи, а што е не знам. Странски хуманитарни организации гледаат дека луѓето спијат под мост, дека немаат каде да спијат, немаат каде да одат, а ние не гледаме, ниту правиме нешто по таа основа. Прашање е зошто? Дали значи дека овој фонд ќе создава рамномерни услови лека полека. По се изгледа значи.

Во Куманово има една река, кумановчани знаат и има едно население кое живее во Средорек и таа река со години ги поплавува сите без разлика на националност. Никој не води сметка да се стави во корито таа река. До кога ќе биде така?

Во Штип изгореа куќи, никој нема пари да ги поправи. Знае Владата, знае највисокото раководство од државата но никому ништо. Што прават луѓето? Ќе создадеме услови за порамномерно живеење на луѓето?

Во Прилеп, знаете каква е Дрисла, за никаде е.

Во Кичево се уште отворена канализација.

Скопје, како што знаете во 1963 година го затекна катастрофален земјотрес. Тогаш изградивме едно гето што се вика Шуто Оризари. Рековме дека таму ќе живее одредена класа на луѓе. Тогашниот претседател, да не го спомнувам по име и презиме така рече. Тоа поставуваше едни многу лоши услови за живеење и денеска ако појдете

во населбата Шуто Оризари и ако видите само еден дел од таа населба што се викаат хангарни бараки ги направиле американците за магацини, меѓутоа, ние од Македонија многу паметни сме ги адаптирале за живеење и наместо десет години рок на живеење, на трајност тие 30 години се уште стојат и не пес неможе да живее таму. Што е ова? Што е тоа гето. Осудени се тие луѓе. Ќе ги држиме така? Би рекол дека е Апардхејд за тоа население таму. Не во политичка смисла, меѓутоа, сакајќи или не тоа е тоа. Нема друго име.

Топаана, Француски гробишта, Маџари I, Маџари II, Гази Баба, Чаир, посебни проблеми. До кога? Што правиме? Ние овде во овој закон во членот 8 предлагаме, дозволете ми да го прочитам членот 8 "за општините во градот Скопје.... граничните вредности од членот 6 и 7 се применуваат на ниво на градот Скопје", како што би рекол еден наш колега е мајката. Сега со процесите се занимаваме. Во просек Скопје е одлично. Ќе се спуштиме на ниво на општини. Јас енергично стојам зад тоа ако треба ќе собереме потписи од сиромаштијата, а сиромашни нема само Роми да знаете има и Македонци, Албанци, Турци и други ѓаури Скопје не смее да се гледа само како Скопје, туку како општини и да видите општината Чаир какви гранични вредности има по сите основи. Најлоши гранични вредности под секоја критика и како таква таа општина треба да се гледа, а не во рамките во центарот на градот и некое по-широко подрачје, па се е добро во Скопје. Не е точно дека е се добро во Скопје. Во Скопје, добар дел од граѓаните живеат во многу тешки услови. Таму каде живеам во еден дел од таа населба каде има 40.000 и кусур луѓе цело лето по 12 часа луѓето немаат вода за пиење воопшто. Што е ова, а Скопје го викаме Скопје, центар и Скопје е убаво.

Да им се заблагодариме на Германците што примија доста наши граѓани таму ажули, така ги викам јас азиланти, па по пат на тоа азилантство многу држави ја запознаа Македонија меѓу кои Северна Рајна Вествалија и со капа и шака даваат таа Северна Рајна Вествалија пари овде. Летото, како што знаете беше 45-то члена делегација овде во Скопје и тие даваат пари, тие помагаат. Ние не можеме да помогнеме. Што е ова? Да ви кажам дека направивме една улица откај мостот нагоре и тоа да кажам јасно ВМРО-вската општина Чаир и раководството на ВМРО од градот Скопје. Се договоривме и го направија тоа. Најубав пат. Ве молам, најубава улица. Јас ја кажувам вистината не кажувам нешто што не е во ред. Ве молам, ништо друго. Од 1967 година наваму ништо не се поправа. Што е ова? Зарем сме осудени. (Негодување во салата). Ве молам господине јас ја фалам општината. Овде во таа трета алинеја се зборува за создавање на подеднакви услови на граѓаните на градот Скопје. заради тоа зборувам. Верувам дека во фондот ако не сега не може тоа преку ноќ да биде сигурно, меѓутоа, во програмата за икс години ќе се премавнат овие проблеми тоа е токму каде што е мојот колега потпретседателот Киро Поповски, Топаана каде гласаа за него граѓаните таму не може да се влезе од кал.

Би замолил Агенцијата или Фондот, како ќе се вика,за мене тоа не е многу битно, по се изгледа дека треба да биде фонд, меѓутоа, ако е договорено да биде агенција нека биде Агенција само нека ја најде целта и исправноста на инвестирањето. Јас сум за тоа во прв реда да се зголемат материјалните можности на општините односно економските потенцијали да се зголемат од аспект на подобрување на животните услови на луѓето и мислам дека треба да се почне и да се заборави старото. Таму е одредена класа на луѓе па тие се навикнати така. Ајде обидете се да бидете европјани затоа што Европа не мисли така како што ние мислиме овде. Европа сите граѓани ги гледа како граѓани

подеднакво. Тоа е мојата препорака и енергично се залагам градот Скопје да се гледа како пет општини, а не како град Скопје.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Спироски.

**АЦО СПИРОСКИ:**

Почитувани пратеници,не очекував дека толку долго ќе се задржиме на оваа точка особено што имајќи предвид дискусиите на коалиционите партнери овој закон доаѓа токму од Владата која е составена од оваа коалиција, се наоѓаат премногу забелешки во овој закон. Смета дека малку повеќе ќе се дискутира поконкретно во однос на одредбите и суштината на овој закон што значи истиот во пракса.

Мојата намера во оваа дискусија не е да искажам дека доаѓа. од некое развиено подрачје или неразвиено подрачје, туку едноставно би се задржал на одредбите на овој закон односно сметам по мене дека лично мое убедување е во однос на односите во кои се наоѓаме односно во однос на оваа трансформација мислам дека овој закон прерано се нос] од една страна, а второ во однос на она што го нуди сепак не е крајно дефиниран и конкретен. Тоа го кажувам, но пред се мислам оваа пракса беше во Бившата СФРЈ, таков фонд навистина постоеше и имаше практична примена и во нашата држава со тоа што одредени претпријатија кои ќе понудеа добри програми на извесен начин добиваа средства кои средства понатаму не одеа под најдобра контрола во однос на нивната намена и очекуваните резултати кои требаа да се постигнат. Сметам дека ќе постојат многу изигрувања во овој поглед во смисла на тоа што сепак треба да сфатиме дека нашата држава не е така голема да не може економски да се заокружи и да се предвидат работите и дека Владата како стратегија треба да понуди една економска стратегија која

ќе даде една добробит за сите кои живеат во неа.

Во однос на критериумите кои се даваат во овој закон би сакал да го искажам следното. За истото да се каже мора нешто. конкретно да се спореди, а тоа јас најилустративно ќе го искажам и со СИЗ-овите кои егзистираат до неодамна на овие простори кои се укинаа, остана уште некој но се очекува да се трансформираат во јавни претпријатија, меѓутоа во однос на нивното финансирање кое беше решено на начин што истите егзистираа од Буџетот односно зафаќања од доходот така што имавме доста комоција во овие СИЗ-ови во однос на нивната продуктивност и даваше на очекувани резултати.

Кога тоа го кажувам ме потсетува на фактот дека истите се укинаа односно не ги дадоа очекуваните резултати. Сега се нуди некое ново решение односно формирање на агенција. Исто така и за оваа агенција е предвидено истата се се финансира од буџетот и тоа со зафаќање од еден процент. Сега се прашувам во услови на пазарно стопанисување кога веќе создаваме една ваква агенција, кога нејзиното финансирање е решено зошто истата е потребна и дали ќе ги даде очекуваните резултати. Што ќе значат тие за оние подрачја каде се дефинирани како неразвиени. Како конкретно ќе се остварува оваа програма. Сметам дека се уште е рано за ваков начин на размислување од едноставна причина што сметам дека оваа агенција ќе ги даде истите резултати како и претходните СИЗ- ови односно ако веќе е решен нејзиниот статус во однос на финансирањето ќе создадеме уште едно не така мало административно тело, а на оваа мала држава ќе кажам затоа што сепак ние треба да сфатиме во кои простори се наоѓаме со колкав народ егзистираме.

**АЦО СПИРОВСКИ**: (Продолжение)

Може да се најдат одредени економски параметри односно нема потреба од повторување на одредени грешки од минатото. Пред се мислам ако дозволиме да се создаде една ваква агенција, а да се спореди сето тоа со пазарните услови на стопанисување, веднаш ќе ве прашам што ви значело тоа за новата поставеност на банките. Каде ќе се најде нивната улога. Видете, тука се даваат и во законот и во образложението се потенцираат некои земји како Италија, Турција итн. Меѓутоа, ако веќе пазарно се ориентираме, јас пак ќе кажам дека ние не ги имаме истите простори кои ги имаат и овие земји, нашиот простор е сосема помал и поинакво е нашето организираше во овој дел, меѓутоа, да ве потсетам како е во Америка. Во Америка е парадокс ако Владата даде одредена сума или износ, дали тоа ќе биде преку агенција или некоја друга комисија на одредена фирма. Тоа се смета како скандал. Тоа беше единствен случај со Крајцер, автомобилската индустрија за која Владата одобри средства на оваа фирма, па имаше страшни пореметувања во економијата и страшни реакции. Сметам дека на овој начин се потценуваат банките и нивното работење. Затоа што, ако веќе се поставуваат еднакви услови на работење, во однос на овој закон се предвидува средства да можат да користат правни и физички лица. Се знае барем за физичкото лице дека единствен интерес во остварување или започнување на одредена работа е да оствари добит. А тука се предвидуваат и неповратни средства. Па, замислете едно физичко лице кое ќе направи една' добра програма по некакви врски добие од агенцијата средства и тоа неповратни, како тоа ќе се реперкуира на сите оние кои прават бизнис. Тоа мислам дека е основно прашање кое може да наиде на големи реакции.

Инаку, во однос на директните мерки кои веќе ги кажав во однос на користење на средства, тие се утврдуваат со посебен акт на Владата,

односно со зафаќање на буџетот се предвидуваат и одредени индиректни форми, кои ќе кажам дека се само повторувања, кои се веќе присутни во одредени законски акти. Така, на пример, ако се предвидува да кажеме ослободување или олеснување на даноци, веднаш се зафаќа и Законот за претпријатија, односно стартот во кој сите имаат еднаков старт и еднакво работат. Кои се тие критериуми кои ќе ги изгради оваа агенција за да може да го крши овој закон. Ако се предвидуваат во олеснувања на царини и други давачки, тоа треба секако да се уреди со Законот за царински тарифи, кој се уште не е донесен, каде што се предвидува што може да се донесе во нашава земја, која не е така голема, повторно да кажам, за да не може да се предвиди нешто да промаши, односно за што може да се предвиди олеснување од царини. Ако се предвидува за одредено лице кое десет години најмалку живее на одредено подрачје, кое има статус на неразвиено подрачје да по навршена 40-та година се ослободува од плаќање на придонеси за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, тоа ќе го врши агенцијата, тогаш пак да навлегуваме во одредени области, кои се регулирани со нашите закони, а кои Агенцијата си зема за право да го крши законот, односно имаме доста елементи на социјалната политика.

Сметам дека сепак овој закон е преуранет, недоволно д финиран. Сметам дека на ваква поставеност како што предвидува ние пак одиме на штета на државата, со тоа што создаваме ново административно тело. Навистина имаме премногу Административни тела. Некои укинуваме, меѓутоа, не е тоа укинување во смисла на тоа што истите сме сведоци да се трансформираат, на сметка на тоа создаваме нови административни тела, а на сметка на сето тоа пак забораваме уште колку административни тела ги чека оваа држава. Сметам на нејзиното натамошно признавање, формирање на конзулати, амбасади, на лица кои ќе работат на претставништва итн. Сметам дека економската

логичност не дозволува формирање на вакво тело.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, влегуваме во една тема, во една тематика многу интересна за нашата држава. Внимателно ги сослушав сите пет говорници и потполно со некои се сложувам во своите излагања, а со некои имам малку дилема дали да се сложам со нивните излагања.

Ќе почнам пак, како што секогаш сум почнувал, Гуливерови патувања од Џонитан Твист не му треба на оваа држава. Видете, се формира фонд, се формира некоја агенција која ќе работи за во една долга реализација да ги оживи мртвите тела на нашата држава. Меѓутоа, јас се плашам од една работа. Тие подрачја што веќе еднаш се запуштени и порано сме дискутирале и од тоа исто место сум рекол многу работи и сега гледам дека се повторуваат. Некои горе - долу се сложни со тие мои излагања само по свој начин. Реков дека со некои се сложувам потполно. Со некои не можам да се сложам. Ја се плашам дали оваа држава ќе ја направиме целата ние да биде подрачје како што се тие неразвиени подрачја во нашата татковина. Ја се плашам, утре, други ден и овој град за кој се фрлени средства толку да биде неразвиено подрачје. Таа тематика е многу широка и за да се даде еден предлог закон таков, треба да влеземе, како што кажаа неколку пратеници тука, колеги мои, во една поширока дискусија реално да ги погледнеме работите и што треба прво да се направи. Влегуваме во новиот систем каде што не го донесовме уште законот за приватизација односно за враќање, јас не знам како ќе ги развиеме тие запуштени краишта, кога земјата на повеќе од нив е земена. Ако треба да се дадат пари и треба да се дадат, но замислете

дека 50 години стариот систем даваше пари да се развијат тие неразвиени подрачја и Мариово, па ако сакате и Ресенско, па не знам и каде и Криво Паланечко и не знам каде и сега доаѓаме до една вистинска, до една голема вистина дека ништо не сме направиле. Како бре не сме направиле? Сме направиле, го истеравме народот од тие подрачја. Сега на празни места треба да го развиваме. Што да правиме сега? Треба да го молиме тој човек или со сила да го донесеме. Дали ќе го најдеме во оваа држава тој човек, или е преку 300 океани избеган. Тоа е друго прашање.

Господа, реализација на една таква програма не се прави со некоја програма што рече еден пратеник тука да ја земеме од Германија програмата, да ја земеме од Франција, од Италија, од друго. Најдолното подрачје, најнеразвиеното подрачје на Германија е пораз- виено од наше Скопје. Ние ќе влеземе во вистината, ќе влеземе ние во она што го гледаме во оваа држава. Затоа што тие господа биле во тој систем. (Наќо, извини не ве напаѓам, не те напаѓам тебе и ништо не сум рекол, не именувам никого).

Сега треба да му направиме инфраструктура. Со каква цел? Мене ми се чини дека прво треба да го донесеме тој што го избркавме од таа земја, да си го населиме тука. Како ќе го најдеме? Ќе го молиме? Или ќе му платиме да дојде. Така? А кога ќе дојде да најде готов пат, готова чешма, готова потреба што има таму итн. За да може утре тој тоа место да биде доходовно. Ние такви нешта имаме повеќе.

Друго кога се носи овој закон и треба да се донесе, според мене треба да се направи едно координационо тело, не во рамките на регионот, општо државно тело кое ќе ги предвиди до детали од разни стручњаци, од економијата, па до инженерот што ќе треба да гради еден мост таму, во едно суво рекиче. Ако се створи тоа координационо тело

(немојте да шептите, затоа што ви ги знам и на вас мислите), Митко само ја зборува вистината. Јас реков сме во еден питачки стап, сега сме во два питачки стапа. А некој се облекол убаво, најаден е, напиен е и ќе води пропаганда.

Сега, видете една друга работа, не сакам тој фонд да се искористи за никакви политички цели. Направи Митко Анастасовски чешма во едно место и сега Митко е тој царот, господ. А Митко не дал еден динар за тоа. Па, таа сиромаштијата плати. Значи, средствата кога ќе дојдат во тоа тело, дали тоа ќе се вика фонд, дали ќе се вика не знам како, како сакате крстете го, но пред да дојдат во тоа тело треба да се направи, освен тоа координационо тело, треба да се направи едно тело кое ќе води сметка за секој динар каде што се троши во тие неразвиени подрачја. Затоа што, ние сме малку и такви, за да се истакнам дека направив нешто некаде, ќе се договорам со дотичниот министер и ќе го направме она што не треба да го направам, и ќе фрлам средства кои не беа потребни за тоа место.

Се сложувам потполно со тоа да се направат инфраструктури и такви работи кои треба да ги има човекот. Но, дајте да го вратиме човекот. Дајте да предвидиме нека се зафатат и агрономи инженери, агрономи не знам какви и геолози, што има во тоа подрачје. Кои луѓе треба да работат таму? Дали тоа ќе биде доходовно? Дали тие ќе можат да ги вратат средствата за една или за 10 0 години. Ние секои четири години се менуваме кажа еден претставник, колега мој тука, а Владата исто така си оди, може и побргу и тоа после тие средства се губат. И програмата не се исполнува.

Со капитал во џебот секој може да~гради. Ако има пари во џебот можеш да направиш се. Но со капитал од државата и со прифатениот капитал каде што треба да бидат поврзани две тела,  тука треба да има

едно тело кое ќе му овозможи сега на тој приватник таму да направи што сака. Да му помогне државата. Но, по законските мерки тоа ќе гласи во тој член од законот дали е предвидено или не, ќе се предвиди и тие средства да се вратат на државата за да се помогне утре некое друго такво подрачје.

Што се однесува за зоните на ова, на тие такви подрачја кои што се погрнаични, ми се чини дека пет километри се малку и јас одвај го разбрав, таму разговарав со еден колега и дека тие зони треба да се прошират, затоа што кога ќе се развива едно подрачје треба да се развива до самата граница. Ние велиме дека ќе дојде време кога после 1994 година не ќе постојат граници, затоа што многу наши имоти се и од едната страна на државата и од другата, така што тие подрачја да се прошират.

Сега за причините зошто дојдовме до тоа, дај боже да не се повторат тие причини, а фактот треба да биде само човекот и совеста на човекот. Само таков закон кој ќе се донесува од ова Собрание од совест и од љубов кон оваа држава и кога еднакво ќе се стават во вагата луѓето, тогаш ние ќе бидеме тие што треба да бидеме. Не може ние сега да правиме Швајцарија за две години. Не е напра- вена за 50 години, ние не можеме да ја направиме. Но, времето ќе докаже дека ние сме тие луѓе кои треба да направиме, односно по нас некоја генерација. Да се врати само довербата на луѓето во својата татковина и во својата власт треба да имаме нешто во паметот, треба ние, односно тие, кои ќе го делат фондот, односно кога ќе биде во нивни раце фондот да бидат еднакви и да бидат совесни каде треба да се троши фондот. Не за политички ќе цели, не знам таму за регионални цели, од каде бил министерот, да кажеме од Кочани, од таму да се даде итн. Тие работи треба да се заборават. Законот се издава за цела држава, а не се издава за еден

регион или за еден човек. Дали можеме сега, пак ќе се вратам на тој првиот пратеник или втор кој беше по ред и кој многу, многу кажа тука некои работи, кои јас не можев да ги разберам што сакаше да каже, разбрав едно дека може и нашата држава да биде Германија, Франција, Швајцарија само со труд и со работа и со памет и само ако може да добиеме странски капитал за развивање на тие места. Но, странскиот капитал да знаеме каде сме го употребиле и за какви цели. Само тогаш ќе имаме вистински закон и држава која ќе ги стигне и тие најразвиени земји, затоа што е мала нашата држава, не ја има таа моќ, но по продукција и по природните богатства ги надминуваме многу, многу држави кои се многу побогати и поголеми од нас.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Анастасовски беше последниот пријавен дискутант, 31-от по ред во оваа расправа.

Дали уште некој друг бара збор?

Госпоѓата Софија Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, очигледно податлива материја за расправа, поради многу причини. И од оваа богата расправа што се води еве на две продолженија на оваа седница, навистина, значајни сугестии ќе можат да се вградат во конечното вообликување на текстот на законот што чинам дека ќе го зголемат неговиот. квалитет. До душа во расправата беа изнесени гледишта кои можат да се вметнат во еден широк диуапазон, дури и спротивставени гледишта, па така некои констатираа дека пребрзо е донесувањето на овој закон. Го предвидоа фактот, очигледно дека ова Собрание, овој Парламент во неколку наврати,расправајќи за продолжувањето на

важноста на времените законски решенија, донесуваше заклучок што побргу Владата да го достави овој законски проект, а сега се констатира дека ова е пребрзо, затоа што го немаме донесено законот за локална самоуправа, затоа што се наоѓаме во процес на транзиција, а аргументацијата ја изведуваат од успешното функционирање на една институција, па зошто се потребни промени ако функционирањето на таа институција дава резултати. Некои сметаат дека ова е текст што е напишан на некакво теоретско ниво и многу малку комуницира со реалноста, со практиката, а пак некои дека воопшто не е консултирана практиката, теоријата, пардон и дека треба сега допрва да се организираат и водат теоретски расправи, теоретска дебата околу овие проблеми.

Од друга страна, во расправата беше укажано дека не се водело сметка за искуството во пазарните економии и дека ова наликува на нешто што го имавме и во самоуправниот социјализам, за да од друга страна се каже дека ова претставува едно некритичко пресликување на решенијата што се јавуваат во другите земји. Не коментирајќи ги, се разбира, ваквите мислења, јас само ќе укажам на неколку работи.

Најнапред сакам да ве потсетам на технологијата што беше применета во изготвувањето на овој закон. Да ги потсетам пратениците дека е подготвена уште кон средината на минатата година и доставена до пратениците една опширна анализа, во која се изврши согледување на досегашната практика на нашата практика, на искуствата на позитивните постигнувања од водењето на. оваа политика на недостатоците на слабите страни, на тоа како досега беше поставена и од аспект на институции и од аспект на инструменти и од аспект на критериуми и подрачја, но беше прикажано и богатото искуство на земјите со развиена пазарна економија каде се практикува, се разбира оваа политика.

**СОФИЈА ТОДОРОВА**: (Продолжение)

Беа изнесени и мноштво на дилеми околу физиономирањето на законскиот проект. Со расправата по тој материјал се заврши во комисиите, што мислам дека е врет заради карактерот на парламентот и заради тоа што треба да биде доминантна работа на неговото ангажирање и во основа се прифати размислувањето на Владата или она што беше кандидирано како можно разрешување на некои дилеми. По тој материјал, јас сакам да укажам, а и по подготвениот текст на законот, се водеше расправа и во науката и научните кругови се произнесоа за овие прашања. Се разбира, тоа не значи дека нема простор за натамошна дебата околу оваа проблематика, допрва пред науката е предизвикот да расправа и натаму за регионализацијата на Македонија, посебно од аспект на наовонастанатите околности и веројатно на тоа ќе се ангажира, но сакам да споменам дека е извршена консултација на луѓето кои се занимаваат со оваа проблематика околу физиономирањето на законските решенија.

И во материјалот што беше доставен, кој го споменав, се укажува на фактот дека постојат во основа два приоди во водењето на политиката на поттикнување на развој на недоволно развиените. Едниот приод е опфаќање или покривање на пошироки подрачја и пошироки региони, а другиот приод е зафаќањето на помали , така наречени цепови на неразвиеност. Дали тоа можеме да го пресликаме во наши услови, се разбира може околу тоа да се расправа. Тоа беше изнесено во една дискусија дека можеби целото подрачје на Македонија е со големина како никој регион што се подржува со овие развојно протекциостички мерки. Но факт е дека и во оваа толкава колкава е Македонија има високи развојни диспаритети има мошне големи разлики до степенот на развиеноста на одделни подрачја. Ни се случува

иселување или празнење и на така малиот простор во Македонија ни се случува да имаме безмалку моноцентричен развој во Република Македонија, што се на се упатува на потребата и овде да биде застапено водењето на оваа политика. Не сакам сега да говорам околу сите тие теоретски аспекти и практични сознанија за потребата од водењето на оваа политика, ова го споменав затоа што беше изнесено како мислење во расправата. Реков, ние правиме комбинација на овие два приоди и се задржуваме на општината користејќи ја постојната заради тоа што таа сега е актуелната територијална поделба на Републиката и покривајќи ги така наречените специфични подрачја, една новина што сега е внесена, во одделни периоди беше: определени подрачја беа утврдени со општествените договори, меѓутоа, последниот договор што ја третираше таа проблема- тика престана да се применува почнувајќи од 1990 година и практично во изминативе три години нема правено основ за интервенции во овие таканаречени специфични подрачја. Со ова се создава тој правен основ.

Од дискусијата на некои пратеници чинам дека токму се превидува овој факт, па се упатуваат забелешки дека, еве, сега општина Ресен понатаму не е подрачје кон кое се насочуваат овие мерки или во некои поразвиени. Простете, и јас се согласувам дека целата Република, ако ги применуваме меѓународните стандарди, ќе биде неразвиен регион, дека во некои поразвиени општини постојат подрачја кои се неразвиени, па беше споменато подрачјето Азот, беше споменато подрачјето Маријово и чинам дека е превиден токму тој факт на опфатнсота на подрачјата со овој закон. Значи, не ги опфаќаме само општините, каков што е случајот со законската регулатива што сега е на сила туку го прошируваме опфатот и на тие специфични подрачја, во случајот ридско планинските, пограничните и компактно заостанатите како што се наведува во законот.

XI/3.-

Одиме ли со радикални промени? Некои кажаа се оди со радикал ни промени, па кога аргументираа во што е тој радикализам, кажаа дека се укинува постојната институција. Јас би рекла дека одиме со нужни и можни промени. Сепак,при физиономирањето на решенијата кои се нудат во законот, ние ја акцептираме современата практика, но вршиме и прилагодување на конкретните услови, на големината на земјата и посебно на реалните материјални можности да се сервисира остварувањето на оваа политика.

Дали има новини во законот? Ве молам, оние што внимателно го прочитале текстот и нарпавиле накаква паралела со законските решенија што сега се применуваат, јас верувам дека ќе дојдат до констатација за присуството на значајни новини. Се напушта гранската алокација на средствата, се напушта алокацијата на општината како општествено политичка заедница, се подржува финансирањето на одделни проекти. Значи, застапен е проектниот пристап. Се подржуваат, низ воспоставување на транспарентни стимули, едноставно се мотивираат, се охрабрува стопанската активност во овие подрачја, а оценката на проектите не ни паѓа напамет да се врши во агенцијата што како орган се предлага во законот. Се разбира, со сета компетентност ќе ја вршат банкарските институции и затоа се вели - ќе обезбеди оценка на тие проекти, а само во случај кога станува збор за инфраструктура, особено од областа на нестопанството што како можност е дадена со законот, тука определени надлежности ќе има агенцијата. Значи, се оди кон еден проектен пристап во поддршка на развојот.

Понатаму, се напушта кредитниот начин на пласирање на кумулираните средства, одиме со субвенционирање на каматата, со што постои можност при ист обем на средства да се покрие значително по-

широка активност на овие подрачја. Понатаму, се оди со неповратно финансирање на инфраструктурата и тука се согласувам со забелешките кои беа дадени во расправата дека можеби во таксативното набројување на намената, на употребата на средствата треба да се започне со финансирањето на стопанската и нестопанската инфраструктура, дури потоа со субвенционирање на каматата по користените кредити, дури потоа можност државата да учествува во крајниот влог, доколку не е можно да се заокружи финансиската конструкција, а со подзаконските акти ќе мора точно да се диманзира учеството на државата, да не се доведеме во ситуација државата да биде присутна во атипични сектори и сфери.

Значајна промена е и од аспект на обезбедувањето на средства. Едноставно не постои уставен основ за инструментот што досега се применуваше, а тоа беше задолжителниот заем што го плаќаа субјектите само од стопанството и се преминува на буџетско подржување на оваа политика. Дадени се и други извори за кои се уште нема квантификации и не знаеме каква ќе биде нивната издашност. И ова не е апсолутно ништо ново, апсолутно не е ништо непознато. Тоа е извор што честопати се применува и во другите земји и тоа е познатата редистрибутивна функција на буџетот. Овој пат редистрибутивноста е врз основа на регионалниот, териториjалниот принцип, а редистибутивната функција на буџетот се јавува и врз основа на социјалниот принцип кога таа е насочена кон семејството, врз основ ана секторскиот пристап кога се субвенционира или се подржува извозниот сектор, па добиваат побогатите заради онаа констатација кој губи, а кој добива од оваа политика што беше изнесена во дискусијата или пак други критериуми во алимеитирање и обезбедување на средства од буџетот. На овој начин, практично, товарот на подржување на оваа политика се дисеминира многу широко на сите даночни обврзници, за разлика од решенијата што

порано ни беа присутни, па тоа само ги оптоваруваше економските субјекти од стопанството.

Многу се расправаше, и со право, околу критериумите односно показателите и граничните вредности на тие показатели, затоа што тоа е навистина значајно, врз основа на нив се утврдува рангот на подрачјата според степенот на нивната развиеност. граничната вредност, како што и во расправата беше кажано, без сомнение е работа и прашање на конвенција. При тоа, се користеше и емпирискиот приод , тоа значи и искуството, меѓутоа, и реалните можности на Републиката, односно опфатот кој би го добиле ако таа гранична вредност ја подигнеме на повисоко ниво од онаа што се предлага во законот.

Околу показателите, навистина и ние во подготвувањето на законот се соочивме со сериозни проблеми. Сериозни проблеми пред се од методолошка природа до аспект на квалитетот на информационата основа. Но да не очекуваме дека во сите други сегменти и сфери имаме проблеми, а информациониот систем е беспрекорен. И тој очигледно се соочува со тие транзициони проблеми, така што определени категории, макроагрегатни големини се уште се утврдуваат по стара методологија, така да кажам општествениот производ. Сега интензивно се работи за прифаќање на методологијата на Организацијата на Обединетите нации, определени појави се следат редовно или се следат од една до друга пописна година заради што имавме проблем во квантификацијата ва степенот на невработеноста. Ако сакавме невработените да ги доведеме со категоријата работен контингент како можеби најсоодветен показател, се соочивме со проблемот работниот контингент да се квантифицира во пописните години, а меѓу пописните години имаме екстраполација врз

основ ана разликата од една до друга пописна година. Но во секој случај, на овој план и натаму има простор да се размислува и да се внесат и предложат и определени други параметри. Некои пак појави не доволно се опфатени во приватниот сектор, кој е се поприсутен и го зголемува индексот на нереалност на некои од показателите што се користат.

И конечно, околу институционализацијата на оваа политика. Сега не сакам да говорам за некои параметри и показатели што беа спомнати, како што беше етничкиот состав. Тоа навистина го немавме како критериум во утврдувањето на подрачјата кон кој ќе се насочи оваа политика или пак беше споменат високиот наталитет. Да, тоа е показател кој се користи, меѓутоа, кој се користи за да се утврди неразвиеноста, високиот наталитет за да ја покаже неразвиеноста на определено подрачје, а не во контекст во кој беше овој показател споменат во дискусијата.

Околу институцијата имавме најмалку дилеми како предлагач. Меѓутоа, гледам дека дилемите овде беа присутни во расправата. едноставно, почитувајќи ги одредбите во Уставот, почитувајќи ја поделбата на власта на законодавна и извршна, логично се наметна и локацијата на институцијата која ќе ја реализира оваа политика. Впрочем, на тоа упатува и искуството од другите земји. Да не ве оптоварувам со податоци за тоа дека скоро во сите земји тоа е работа на некое министерство, на посебно тело во тоа министерство. Во определен случај се формира и меѓуминистерски одбор со определена советодавна функција за одлучување по проекти кои надминуваат определена вредност. Овде се сугерира тоа да биде орган во состав на Министерството за развој, остварување на основната цел во оваа функција на ова политика.

На крајот, јас само би замолила при заклучувањето по расправата да биде почитуван заклучокот на сите комисии кои распра- ваа по текстот на законот, а нивниот заклучок беше Владата да се задолжи да достави предлог до Собранието. Замолницата е и заради обезбедување на континуитет во реализирањето на оваа политика. Само да потсетам дека законската регулатива е на сила до крајот на оваа година.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои Предлогот за донесување на закон за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Бидејќи во расправата беше поднесен предлог од господинот Стоимир Цветковски овој закон да оди во три фази односно и во нацрт, дали господинот Цветковски останува и натаму на овој предлог или го повлекува? (Пратеникот Стоимир Цветковски од место вели: "го повлекувам").

Значи го повлекува. Го повлекува, немаме предлог.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, предлозите, мислењата и сугестиите од расправата што се водеше по Предлогот за донесување на закон, како и забелешките од пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, предлозите, мислењата и сугестиите, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за развој.

Пред да гласаме, молам да се утврди точниот број на присутните пратеници во салата.

(По пребројувањето на пратениците во салата)

60 пратеници се присутни.

Молам стручната служба да ги повика пратениците што се пред салата.

(Во салата влегоа уште неколку пратеници)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (46 пратеници гласаа за).

Дали некој се воздржува од гласање?(21 пратеник).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 12** - Предлог за донесување на закон за работни односи.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието , како и забелешките на пратеникот Тодор Петров Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бидејќи законот е во прва фаза на донесување ќе дадам неколку мои усмени препораки до подносителот, до министерот за труд и социјална политика што се надевам дека ќе бидат усвоени, а до колку не бидат прифатени, тогаш ќе бидам приморан во вид на амандмани да ги поднесам кога ќе се усвојува Предлог-законот.

Предлагам да се изврши увид во работењето на оние служби кои се од витален интерес за живеењето на нашата држава Македонија. Конкретно тврдам дека постојат работни места кои носат огромна одговорност во своето работење. Такви примери има во Електростопанство на РМУ во ПТТ, сигурно има и во другите органи на државата, каде работат луѓе со огромна одговорност и тоа нивно работење е и во вечерните часови,

Со оглед на таа одговорност што ја имаат тие вработени, а и искуствата од Европа и од бившите републики на бившата СФРЈ кажуваат дека секаде тие имаат статус на работно време 36 часа во неделата. Затоа предлагам Министерството да ги проучи тие служби, да види кои се тие служби во соседните земји и во Европа кои имаат 36 часа работно време, кои работат во турнус, кои работат и навечер, а кои исто така, изискуваат работоспособност во даден момент да реагираат бидејќи сносат одговорност, можеби поголема од сите нас овде заедно. Затоа предлагам министерот и Министерството да ги проучат овие работи за одредени служби кои, повторувам, имаат огромна одговорност во работењето а работат во турнус да им се даде 36 часовна работна недела.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници јас би сакал , прво со цел да ја поврзам мојата дискусија за дисциплинската постапка и дисциплинската комисија би прочитал еден пасус од член 1 и член 13.

Вели: "Под работен однос во смисла на овој закон се подразбира договорен однос меѓу работникот и работодавачот. Во член 13 пак стои: "Работниот однос се заснова со вклучување на договор за работа помеѓу работникот и работодавецот и тоа се заведува во Службата надлежна за поседување при вработувањето.

Кога работниот однос е договорен однос помеѓу две странки кои склучуваат и писмен договор, тогаш се прашувам зошто постои делот за дисциплинска комисија и дисциплинска одговорност. како може да го раскине договорот, работодавачот да води дисциплинска постапка и тоа да биде пред дисциплинска комисија кога се знае дека за непочитување на договор или неизвршување на одредени клаузули на договорот, тогаш

тој договор се раскинува и на работникот му престанува работниот однос Исто така сметам дека овие пасуси за дисциплинска комисија и дисциплинска постапка треба да отпаднат од овој закон, а да постои закон за заштитни механизми на членовите од договорот помеѓу работодавачот и работникот.

**СИМОН НАУМОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, лично сум за донесување на ваков закон. Сметам дека се доцни со неговото носење. Овој закон откако ќе се усвои и стави во секојдневна употреба ќе го сметам за исправен и корисен само ако има одредби кои подеднакво ќе важат за сите претпријатија, без разлика на видот на нивната сопственост односно без разлика дали се работи за општествена, мешовите или приватна сопственост.

Ако во законот, во правата на работниците или работодавачите се даде било каква предност на некое претпријатие со одредена сопственост на капиталот, таквиот закон ќе го сметам како неправичен и невалиден.

Ако денес крајната цел во едно претпријатие, без разлика на видот на сопственоста на капиталот е профитот кој го обезбедува животот и опстанокот на претпријатието, тогаш и условите за работа во областа на работните односи мора да бидат исти за сите субјекти. Работењето и создавањето на профитот и опстанокот на едно претпријатие во услови на пазарна економија каква што веќе поодамна ја имаме, каква одамна владее во западните развиени земји не содржи односно понесува носење на закон за работни односи со многу содржани определени од стариот закон за работни односи.

На ова Републичко стопанство му е потребен таков закон од областа на работните односи како денес го има било која земја да речеме од Европската Економска Заедница, Секаква друга преодна

форма на закон за работни односи ќе биде неприфатлива и ќе претставува несовладлива кочница за брзо прилагодување на претпријатијата, на тековите кои и диктираат светските пазари , денешната светска рецесија во стопанството и ќе влијае на забрзаната ликвидација на поголем број претпријатија во однос на случаи кога би имале закон кој одговара на денешните пазарни потреби.

Мора да се признае дека денес во областа на работните односи имаме решенија кои даваат неверојатно огромна предност на приватните во однос на сите други претпријатија со поинаква форма на сопственост, и нормално е што кај нив капиталот нагло се зголемува, се позабележително е нивното влијание во секојдневниот живот итн. Тоа е добро и очекуваме, посебно ако е стекнато по пат на целосно законско работење. Но, не е добро она што од областа на работните односи имаат голема предност во однос на сите останати поранешни така наречени општествени претпријатија. Сакале или не мораме да признаеме дека тоа е правата вистина.

Законот го гледав со посебно внимание, онака како што заслужува и по предложениот текст имам повеќе забелешки што за дел од нив сакам денес да укажам нешто до предлагачот, во надеж дека во текстот во нацртот на овој закон, барем дел од нив ако не и сите ќе бидат земени во предвид.

Прва забелешка на која сакам да укажам е определбата дадена во член 71 во ставовите 2 и 3, во кои се зборува по поимот изменета работна способност на работникот. на било кое место да е поставен. Овој поим е толку недефиниран и неконретизиран. Веројатно претпоставувам целосно е препишан од стариот закон во кој тој поим претставуваше голема, така наречена дупка која како решение ако остане натаму во законот кој е тема на расправа, убеден сум дека голем број на претпријатија, посебно оние од текстилната, градежната и земјоделската област многу брзо ќе се најдат во една неприфатлива и

многу лоша ситуација, или можеби како последица на тоа ќе дојдат во состојба на уништување, а апсолутно не по своја вина.

Да се потсетиме малку на влијанието на овој пропуст, на оваа аномалија на овој закон досегашен врз продуктивноста на претпријатијата во изминатиот период.

Се сеќавам во едно текстилно претпријатие во Прилеп во минатите години поради користењето на овој пропуст од законот од страна на вработените, во секое време на боловање поради оваа можност имаше цела смена отсутни работници, или со други зборови за одржување на нормалниот производен процес во тоа претпријатие мораа да држат и за 25 до 30% работна рака од нормалните потреби. Со други зборови цела една нова комплетна смена. Ве прашувам или се прашувам кое е тоа претпријатие со ваква оптовареност на работна рака во денешни услови ќе може да конкурира со својата стока на светските пазари која треба да ја продаде, да обезбеди пристојна и навремена заработувачка на вработените и да планира некакви средства за развој.

Многу лесно беше , а верувам и се уште е да се добие комисиско лекарско уверение за"неспособноста" на работникот за одредено работно место и со налог таквиот работник обавезно се инсистира да се распореди на друго каде нема, да речеме, прашина, влага, промаја, бучава, да не работи во смени, да не работи со стоење итн. Ако ова прашање, прашањето со боловањата и понатаму остане исто и не се регулира со некои нови поприфатливи и поостри решенија за стопанството со кои решенија боловањата ќе се доведат во ситуација да се сметаат оправдани само оние кои кога се издадени и за случаеви кога болниот седи или лежи под нега дома или во болница, тогаш сметам дека доаѓа многу потежок период за опстанок на поголем број на претпријатија барем од онаа област што претходно ја, спомнав.. Веројатно оваа грешка која е пренесена од стариот закон нема да опстане и натаму нема да претставува кочница од оваа област во

полето на зголемување на продуктивноста на трудот на претпријатието.

Убеден сум дека членот 71 во овој случај од предлагачот, од едно невнимание , чисто механички препишан , ненамерно сигурно од стариот закон без при тоа веројатно во една брзина на пишување да се земаат предвид и проанализираат многу штетните последици до сега од постоечкото решение. Друга намерност не гледам во внесувањето на тој член.

Второ, во точката 3 , плата и надоместоци за плата, во членовите 72, 73 и 74 па и другите натаму кои ја регулираат оваа област не е прецизно регулирано прашањето или не е даден одговор на прашањето, ако работник не даде никаков придонес во создавањето на профитот во претпријатието во текот на месецот, а мислам под поимот работник на било кое работно место да е поставен без разбира дали е раководно или не, дали мора да му се исплати загарантираната или најниска плата со која му се обезбедува како стои во членот "Социјална и материјална сигурност на работникот и неговото семејство". За мене е исправна само онаа определба која треба да биде регулирана со овој закон, на работник без разлика на кое работно место е поставен да работи ако му се овозможени сите услови за работа по овој закон и по планот за работа на претпријатието ако не оствари било каков резултат од работата да не му следува било каков надоместок на име плата за тој месец. Таков работник кој ништо не работи а ги имаме доста во претпријатијата, на претпријатието во кое е вработен му прави двојна штета . Една што го држи работното место на кое е поставен, ја кочи работата и не дозволува ангажирање и на друг поквалитетен и второ, неработејќи ништо смета во работата и на другите бидејќи во работното време бара соговорник за разонода и директно влијае врз зголемување на производните трошоци со многу штетни последици врз продуктивноста.

XII/7

Трето, неколку зборови за определбата во членот 78 , за ограничување на временскиот термин на 30 дена за враќање на платено отсуство поради немање работа во претпријатието.

Во некои претпријатија поради карактерот на работата во зимскиот период нема потреба за полно работно време, па се јавува потребата за нивно отпуштање дома, за што им се исплаќа плата во висина од 80 или 100% од основицата, но со обврска тоа платено отсуство да се надомести во пролетниот, летниот и есенскиот период од наредната година. За тоа оваа граница од 30 дена треба да се помести за терминот најдоцна во рок од 1 година.

Четврто, досегашната практика покажа дека несоодветното и непрецизно дефинирање на тешките повреди на работната должност кои се напишани во членот 112 , исто како и досега редовно водеа до тешки и долготрајни судски постапки кои во повеќе од 95% случаеви завршуваа на штета на претпријатието.

Во овој закон вакви воопштени причини какви се оние во точките 1, 3,4,6 8и 10 од членот 112 воопшто не треба да останат и да бидат прифатени така како што се напишани нејасно.

XIII/1.- СС-ВБ

**СИМЕОН НАУМОВСКИ**: (продолжение)

Сите овие дефиниции за потешки повреди мора однапред, пред да се внесат во законот да бидат целосно усогласени по однос на толкувањето со судската власт и синдикатот и крајно прецизно да стојат и во овој закон и во колективните договори.

Определбата во членот 113 во кој се вели да се земат предвид и материјално - социјалната положба при изрекување на мерка за дисциплински прекршок има гарантирана можност за двојно толкување и поради тоа во секоја можност судот носел и сигурно ќе носи одлука на штета на претпријатието, доколку оваа одредба остане и понатаму како таква. Ова решение внесено во предлогот однапред предупредува во кои случаи не смее да се покренува дисциплинска постапка за сторена тешка повреда на работната должност, бидејќи и епилогот од судот однапред ќе биде познат, што за мене е апсолутно неприфатливо. Не можат вакви решенија да постојат во новиот закон.

Шесто, определбата во членот 115 не ја прифаќам и таа не обезбедува рамноправност на претпријатијата во решавањето на тешките повреди на работната должност.

Седмо, во членот 131, во ставот 2 предлагам решение ако штетата проценета на помала вредност, да е помала од половина од платата, автоматски да се задржува од платата а не да се оди и да се чека тоа да се оствари по судски пат со огромно изгубено време и без било какви очекувања и ефекти.

Во законов не видов дадени решенија за два многу крупни проблеми присутни во претпријатијата, а тоа се:

Првиот проблем е за тоа како најбрзо да се реши проблемот со присутниот вишок на работници во претпријатијата што се. создаде со познатите масовни акции за вработување а се спроведуваа во

изминатиот период. Дали ќе се чека и ќе се решава само со определбите од законот за трансформација на општествениот капитал, за што треба многу време и многу претпријатија не ќе бидат во состојба тоа да го издржат;

Второ прашање што не е присутно, нема решение за проблемот што и како со оние работници кои го држат работното место за кое имаат соодветна стручна подготовка а не даваат никакви соодветни резултати во работењето.

Во поранешниот закон, односно денеска важечкиот има некакво дадено решение. Но, тоа беше потпуно неприменливо и не- корисно, со долг процес на докажување. Ова прашање е неопходно да се регулира во законот за да се овозможи во претпријатијата брзо поставување соодветни и квалитетни кадри на сите клучни работни места,така како ќе ги бара времето, времето во кое работиме, со што ќе се овозможи квалитетен скок на кадровски план во претпријатијата, како основен предуслов за натамошно и успешно работење.

**ТАШКО КИРОВ:**

Овој закон, очигледно има намера да ги регулира работните односи во областа каде што се решени сопственичките односи во претпријатијата. Нормално, тоа е во согласност со трансформацијата што ја имаме во нашето општество.

Меѓутоа, навистина се поставува едно прашање колку е можно со еден ист закон да се регулираат работните односи во областа каде имаме решени сопственички односи и во ситуација каде што тие сопственички односи не се решени. Ние, навистина сме во фаза на заживување на законот за трансформација на капиталот.

Колку тука успешно можат да се решат работните односи, навистина постои од моја страна особено сомневање во Главата VIII каде што се вели:

"Престанување на работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени".

Навистина мислам дека ќе дојдеме во една многу неблагодарна ситуација вработените по овој основ да се најдат во ситуација да бидат испуштени од работа. Особено имајќи ја предвид ситуацијата дека многу капацитети кај нас се неискористени и многу е полесно вработените да бидат испуштени отколку да бидат преструктуирани.

Мислам дека треба во овој поглед да се направи разграниченост на овој закон регулирајќи, со соодветна заштита, овие права на овие работници.

Доволно е само да се спомне дека имаме некаде околу 180 илјади невработени. Имајќи го предвид овој податок навистина ние треба да создаваме услови за нови вработувања а не ситуација каква што ја имаме, да имаме масовни испуштања од работните места на постојните вработени.

Од друга страна постои еден статистички податок што на- вистина звучи неверојатно, но јас мислам дека е точен, а тоа Владата може подобро да го потврди, за нашата земја со фондот на работното време и тоа досегашниот фонд од 42 саати, а сега се предлага да биде полн фонд од 40 часови е во самиот врв на светското рангирање. Ние обично се споредуваме со развиените земји. Значи, се наоѓа во горниот дел на времетраењето на тој работен однос. Тоа е сигурно така и мислам дека проблемот не е тука, туку е проблемот во самото искористување на

работното време е некаде од 2 до 3 саат. Токму тргнувајќи од овој аспект сметам дека предлогот што се дава овде да биде полн фонд на работното време 40 часови, а додека минимумот да биде 35 часови, навистина не кореспондира со овие податоци и не гледам причина зошто долната граница на работното време ја ограничуваме ако работодавецот е подготвен на државата да и ги плаќа сите давачки по основ на вработување на поединецот и ако е подготвен работодаваецот, исто така, да му исплаќа на тој вработен. Негово право е како ќе го регулира тоа минимално работно време. Мислам де тука треба корекција и особено гледајќи го бројот на невработените

Друго, сметам дека има една мала некоректност и необјективност кон работниците кои имаат засновано работен однос на определено работно време. Тука се вели дека ги имаат потполно истите права со оние кои имаат засновано работен однос на неопределено работно време, но сепак во членот 23 се вели: "Работникот кој заснива работен однос на определено време за вршење на сезонски работи а кој ќе оствари вкупно повеќе од 40 часови во работната недела во приодот во кој е во работен однос, тие часови на работа му се пресметуваат во работни денови со полно работно време и се пресметуваат во работен стаж".

Навистина, се поставува прашањето зошто овој работник мора да има фонд над 40, а додека оној работник кој е на неопределено работно време треба да има максимум 40 и дури се дозволува и пониска граница. Тука сметам дека работниците вработени на определен работен период дека се обесправени.

Има, и една мала непрецизност во законот во членот 61 каде што. се вели :"Работничка за време на бременост, раѓање, мајчинотво или посвојување има право на отсуство од работа во траење од 270 денови непрекинато. Доколку роди повеќе деца, близнаци, тројка и сл. 365 денови".

Овде, 365 денови е една календарска година. Додека пак 270 денови се мисли на 9 месеци. Девет месеци е сепак некаде околу 273 денови. Така што, мислам дека покоректно би било ако би било тука пишано дека работничката има право наместо 270 на 273 денови или 9 месеци, па календарски нека биде пресметувано. Додека во случај на повеќе деца овие 365 денови да си останат или заменат со една календарска година. Тоа истото важи и за работничка која посвојува деца со навршена шестмесечна возраст, но не постаро од 5 години, има право на отсуство, тука е во траење од 90 денови, а јас би рекол три месеци или 91 ден.

Имам уште една забелешка на законот бидејќи не регулира една обврска од работните односи што се однесува на младината вработена по младинските задруги. Особено за младината која работи во школска возраст и работи по студентски задруги, а исто така ако има можност и преку летниот и зимскиот распуст. Оваа област мислам дека треба да биде регулирана во овој закон за работни односи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пред да продолжиме со работа поради зимските услови, предлагам да прекинеме со работа а утре, исто така заради зимските услови да продолжиме со работа во 11 часот.

Утре, во 11 часот продолжуваме со работа.

(Седницата прекина со работа во 16,05 часот)